**СОДРЖИНА:**

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ......................................................................... **4**

**1. ВОВЕД** ......................................................................... **6**

**1.1.** Методологија ......................................................................... 7

**2. РОМСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ......................................................................... **8**

**3. ОПШТА ПРАВНА РАМКА** ......................................................................... **10**

**4. ФИНАНСИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО** ......................................................................... **12**

**5. ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ВКЛУЧЕНОСТА НА РОМИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО** ......................................................................... **14**

**6. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА РОМИТЕ** ......................................................................... **18**

6.1. Декадата за вклучување на Ромите (2005-2015) ......................................................................... 19

6.2. Мултикултурно образование ......................................................................... 23

6.3. Владини и НВО програми за образование на Ромите ......................................................................... 27

**7. ПРАВО НА ОБРАЗОВАНИЕ** ..................30

7.1. Малолетнички труд..................34

7.2. Полови/родови разлики и малолетнички бракови.................. 35

7.3. Сегрегација во образованието ..................36

**8. ОПШТИТЕ СЛАБОСТИ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА РОМИТЕ ..................38**

**9. НАМЕСТО РЕЗИМЕ: ЗА ИНКЛУЗИЈАТА И ИНТЕГРАЦИЈАТА** ..................40

**10. ПРЕДИЗВИЦИ ..................42**

**ЛИТЕРАТУРА ..................44**

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Уставот на Република Македонија и општата правна рамка предвидуваат еднакви можности за образование за сите нејзини граѓани, согласно на меѓународното право и меѓународните конвенции. Државата е потписник на сите позначајни меѓународни конвенции и декларации кои се однесуваат на правата на човекот, правата на децата и правата на образование.

Овој документ е обид да се анализира состојбата со образованието на Ромите од повеќе аспекти и имплементацијата на мерките и активностите во таа насока. За целите на оваа анализа, беше направено миниистражување во текот на месеците мај и јуни 2011 година. Анализата е главно базирана врз канцелариско истражување и анализа на релевантните закони и документи на национално ниво, дополнето со наодите од спроведени анкети и полуструктурирано интервју со 8 претставници на владини институции, на невладиниот сектор и универзитетски професори.

Оценките присутни во документите и изнесени од учесниците во интервјуата се преклопуваат во ставовите дека како најважни слабости во сферата на образованието на Ромите се издвојуваат: ниската стапка на вклученост во образовните процеси и високата стапка на осипување, нискиот квалитет на образованието, како и негативните ефекти на сегрегацијата во образованието.

Генерално, многу експерти се согласуваат во проценката дека и по многу години работа на владиниот и невладиниот сектор во сферата на образованието на Ромите, секое поместување, било во однос на предучилишно, основно, средно или високо образование, е направено по иницијатива и со поддршка главно од меѓународни донатори и НВО секторот, а споредено со важноста на прашањата, со многу мала поддршка од државните институции.

Во државата отсуствува суштинска инклузивна политика, а на тоа укажува и фактот дека за многу семејства трошоците за школување се многу високи, што негативно се одразува врз вклученоста во образованието. Иако според легислативата школувањето е бесплатно, во реалноста постојат многу трошоци кои ги надминуваат приходите на многу семејства. Ситуацијата е особено лоша во поглед на предучилишното образование кое не е бесплатно, а стапката на вклученост на Ромите е исклучително ниска (на пример, на возраст од 0-3 години само околу 0,6% од ромските деца се вклучени на ова ниво на образование). Исклучително ниската стапка на учество на децата-Роми во предучилишно образование е фактор кој негативно се одразува врз нивното натамошно адаптирање во повисоките нивоа на образование и е директна причина за осипување. Понатаму, проценките кажуваат дека под 60% од Ромите завршуваат основно образование, а само околу 25% завршуваат средно, додека од сите што дипломирале, само 0,16% се Роми (конкретните податоци се за 2007 година). Додека овие бројки се далеку под пропорционалната застапеност во

вкупната популација, кога е во прашање специјалното образование, состојбата е дијаметрално спротивна. Имено, проценките се дека околу 36% од вкупната бројка на деца запишани во специјални основни училишта и 28% од вкупно запишаните во средно училиште се Роми.

Анализата издвојува повеќе појави кои исклучително штетно се одразуваат врз образованието на Ромите и нивната инклузија воопшто. Отсуствува инклузивен пристап на државата кон различни категории на деца-припадници на ранливи групи, како што се децата од номадските семејства и децата од улиците, како и децата кои треба за првпат да се запишат на училиште на возраст помеѓу десет и четиринаесет години.

Сериозен проблем и фактор кој негативно влијае врз вклученоста на ромските деца во образовниот процес, а кој е во колизија со легислативата и правата на децата, е појавата на малолетничкиот труд. Дополнително, сè уште е силно присутна појавата на малолетнички бракови, која го инхибира образованието на младите. Во поглед на родовите разлики и етничката припадност, најголема е дискрепанцата токму кај ромската популација. Од 46,4% ученички меѓу сите ученици-Роми колку што имало во учебната 1997/98 година, уделот на ученичките-Ромки во учебната 2007/08 година паѓа на 35,9%. Од друга страна, загрижува појавата на значително помалата бројка на женски од машки деца и во специјалните училишта.

Во поглед на мултикултурниот карактер на образованието, анализите покажуваат дека Ромите се „игнорирани“ во учебниците, наставата не е мултикултурно поставена, во општото образование и наставните програми за обука на наставници не се посветува внимание на Ромите како на составен дел од историјата и културата на Македонија, а наставниците немаат доволно развиени компетенции за практикување на инклузивно образование. Сегрегацијата станува сè позаострена, а некои мерки и активности спроведувани од владините институции дури може и да ја продлабочат. Такви опасности постојат и со начинот на кој се имплементира изборниот предмет *Јазик и култура на Ромите*, или со реализацијата на предвиденото менторирање (како дополнителна настава)  особено за учениците-Роми, со што тие би се одвоиле од другите деца со кои се спроведува дополнителна настава.

Во контекст на Декадата на Ромите како клучна иницијатива и програма, практиката покажува дека наместо да се развиваат генерална осетливост во општеството и акција во сите домени, одговорноста и очекувањата се префрлија на неколку Роми-претставници во државните институции со многу ограничени ингеренции. Воедно, од она што државата го предвидела со националниот акционен план за образование на Ромите за седум години, таа аплицирала околу 8% од предвидените средства, со значителен удел на странски донации  во нив.

Во Македонија е мал бројот на наставници-Роми, што е неповолен фактор, поради отсуството на можности со учениците-Роми да работат наставници на ромски јазик, но и како модел во психосоцијалниот развој на младите Роми.

# 1. ВОВЕД

Уставот на Република Македонија и општата правна рамка предвидуваат еднакви можности за образование за сите нејзини граѓани, согласно на меѓународното право и меѓународните конвенции. Република Македонија е потписник на сите позначајни меѓународни конвенции и декларации кои се однесуваат на правата на човекот, правата на децата и правата на образование. Законската регулатива овозможува образование во согласност со негувањето на сопствениот идентитет. Имено, во Концепцијата за деветгодишно образование изработена од Бирото за развој на образованието, како орган на Министерството за образование и наука, е наведено дека „мултикултурноста на македонското општество бара основното училиште да го промовира развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазикот и традициите. Училиштето е одговорно за развивање свест кај учениците за своето културно потекло, а исто така, и за поттикнување наинтересот за запознавање на културното наследство на другите заедници“[1].

1 Од Концепција(та) за деветгодишно образование (2007), Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 73.

Целта на оваа анализа е да понуди увид во состојбите во образованието на Ромите, слабостите и предизвиците со кои се соочува македонското општество во тој поглед. Може да се каже дека општата правна рамка овозможува поволни услови за развој на образованието и општата добросостојба на Ромите во РМ. Овие општи рамки, кои секако треба постојано да се подобруваат, нудат основа врз која би можеле да се креираат проактивни стратегии и механизми за имплементација на заложбите и крајните цели.

Во Република Македонија се реализираат повеќе активности и мерки директно насочени кон унапредување на образованието на Ромите. Оваа анализа е фокусирана на нив и на нивните ефекти врз образованието на Ромите, согледана од повеќе аспекти, а пред сè: почитувањето на правото на образование; образованието на Ромите гледано низ квантитативни и квалитативни показатели; мултикултурниот карактер на образованието и дали тоа овозможува развој на идентитетот согласно на Концепцијата за деветгодишно образование.

Централниот дел на извештајот се однесува на анализата на актуелната состојба на образованието на Ромите, гледано низ призма на евентуални подобрувања и слабости во одделни сфери. По краткиот приказ на некои основни информации за ромската популација во Република Македонија, опишани се општата правна рамка, финансирањето и организацијата на образованието. Во продолжение се дадени основните показатели за вклученоста на Ромите во образованието и приказ на мерките насочени кон подобрување на образованието на Ромите. За секое од прашањата е дадена анализа на слабостите и потешкотиите во реализацијата на заложбите и целите за унапредување

на образованието на Ромите, како и анализа на имплементацијата и ефектите на преземените мерки. За жал, многу од нив имаат и контрапродуктивни ефекти, или резултираат со појави кои се спротивни на појдовните заложби и интереси на ромската популација и интересите на државата воопшто. На крајот, посочени се низа предизвици со кои нашето општество ќе треба да се соочи и да изнајде активни и позитивни решенија, насочени кон подобрување на образованието на Ромите во РМ, а со тоа и подобрување на општата состојба на Ромите, но и општата состојба на државата.

## 1.1. Методологија

За целите на оваа анализа, беше направено миниистражување во текот на месеците мај и јуни 2011 година. Анализата главно беше базирана врз канцелариско истражување и анализа на релевантните закони и документи на национално ниво. Беше спроведено полуструктурирано интервју (или зададен прашалник) со 8 претставници од владини институции, од невладиниот сектор и универзитетски професори, со цел анализата да се прошири со гледишта и појави кои евентуално не се содржани во документите, како и со евентуална нивна оценка за состојбите во образованието на Ромите.

Структурно, анализата ќе биде фокусирана на: актуелната состојба во образованието на Ромите во Република Македонија, во која ќе бидат вклучени и евентуалните подобрувања или тенденции кон подобрување во последните години, потешкотии во реализација на предвидените процеси, насочени кон унапредување на образованието на Ромите и предизвици со кои ќе треба да се соочи нашето општество, со цел да се унапреди образованието на Ромите во Република Македонија. Притоа, анализата ќе се фокусира на повеќе клучни прашања, кои генерално се однесуваат на: (а) почитување на правото на образование и еднакви можности за образование, (б) проценка на состојбите во образованието од аспект на квантитативни индикатори, но и од аспект на квалитетот на образованието, (в) прашањето на мултикултурализмот и образованието, како и јакнење на идентитетот на Ромите низ образованието, вклучително и анализа на спроведувањето на изборниот предмет *Јазик и култура на Ромите*.

# 2. РОМСКАТА ПОПУЛАЦИЈА
## ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Според Пописот од 2002 година, застапеноста на Ромите во вкупното население во РМ изнесува приближно 2.7% (53.879)[2], со што Ромите се четвртата по големина етничка заедница во државата (по Македонците, Албанците и Турците). Според некои проценки на локалните ромски невладини организации, застапеноста на Ромите во вкупното население е многу поголема и изнесува дури и до 6%. Оттука, планираниот попис во 2011 година ќе има исклучително голема важност, која може да се согледа од повеќе аспекти. Ќе треба да бидат опфатени сите оние кои немаат постојано место на живеење или немаат документи. Ова е потребно затоа што само објективен податок за уделот на ромската во вкупната популација ќе биде основа за градење на посеопфатни стратегии во доменот на различни општествени сфери, а меѓу нив и образованието. Во таа смисла, потемелно би се осмислувало создавањето услови сите да го уживаат правото на образование и да имаат еднаква можност за пристап до образование, а воедно и да се превенираат потенцијални социјални проблеми. Објективните податоци ќе бидат основа за стратегии и во други домени, како што се: домување, здравје и вработување, како приоритети зацртани со *Декадата на вклучување на Ромите*. Утврдувањето на големината на ромската популација во РМ ќе овозможи и поинаква позиција при остварувањето на правото за правична застапеност на Ромите во институциите на државата, што е предуслов и за создавање на критична интелектуална маса за имплементација на повеќе процеси во различни сфери од живеењето.

2 Државен завод за статистика, Попис од 2002 година.

Според Пописот од 2002, како подетнички групи на Роми во Македонија се јавуваат: *Арли, Баруτчија, Џамбази, Гиланлија, Коноπари, Ковачи и Тоπаанила.* Повеќе од 90 проценти од Ромите во Македонија се Муслимани, а приближно 80 проценти од Ромите го зборуваат ромскиот јазик како прв јазик.

*Образованието на Ромите, сиромаштијата и невработеноста.* Официјалните податоци од 2010 година укажуваат дека 5,2 проценти од сите невработени лица се Роми.[3] Податоците од 2008 овозможуваат увид во образовниот профил на невработената ромска популација. Имено, 33 проценти немаат довршено основно образование, 7 проценти имаат целосно или нецелосно средно образование, а само 0.1 процент (31 лице) имаат завршено високо образование.[4] Анализа на УНДП направена во 2010 година открива дека стапката на невработеност на Ромите во 2008 година изнесувала 75 проценти и е највисока во споредба со сите етнички

3 Министерство за труд и социјална политика, Анализа за состојбата и намалувањето на ромските девојчиња и момчиња во образовниот процес во Република Македонија (Скопје: Министерство за труд и социјална политика, 2010).

4 Министерство за труд и социјална политика, 2009. Ревизија на националните акциони планови од „Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015“ и Стратегија за Ромите во Република Македонија за периодот 2009-2011. Скопје: Министерство за труд и социјална политика.

заедници во Македонија и повеќе од двојно од државниот просек од приближно 30 проценти.[5] Прашањето на сиромаштијата е исклучително важно во контекст на образованието, бидејќи е познато дека ниското или недоволно образование е причина за сиромаштија, но и последица од сиромаштијата.

Ромите живеат во 64 од вкупно 85 општини во државата. Приближно 45 проценти од ромската популација во Македонија живее во десет општини: Битола, Дебар, Гостивар, Кичево, Кочани, Куманово, Прилеп, Штип, Тетово и Виница. Речиси истиот процент на ромска популација (43,1 процент) живее во главниот град Скопје, а половина од нив се во општината Шуто Оризари каде што Ромите се мнозинство.

5 United Nations Development Programme and South East European University, People-Centred Analyses (Skopje and Tetovo: United Nations Development Programme and South East European University, 2010).

# 3. ОПШТА ПРАВНА РАМКА

Меѓународните документи за човекови права, чиј потписник е Република Македонија, ги опфаќаат: Конвенцијата за правата на детето, Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, Меѓународната конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, Конвенцијата на УНЕСКО против дискриминација во образованието и Универзалната декларација за човекови права.

Во Преамбулата од Уставот на Република Македонија, застапена е ромската етничка заедница, како рамноправна со заедниците на Албанците, Турците,Власите, Србите и Бошњаците.[6] Покрај ова, Уставот содржи одредба за правична застапеност на сите заедници во јавната администрација, а правото на образование е претставено како универзално право (член 44). Законодавството за основното и средното образование забранува дискриминација и гарантира настава на јазикот на малцинствата.[7] Со *Законот* од 2008 година *за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија*, основното, средното и високото образование се области во кои се применуваат правата на заедницата и се гарантира правото на образование на јазиците на заедниците на сите нивоа во согласност со законот (член 5).[8] Со *Законот* од 2008 година *за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа,* образованието е идентификувано како област на национално ниво во која јазикот на заедниците може да се користи и се даваат детали за употреба на јазиците на сите нивоа на образование (член 2 и Дел 2).[9] На самиот крај, со *Законот за спречување и заштита од дискриминација,* од 2010 година се обезбедува спречување и заштита од дискриминацијата и уживање на правата загарантирани со Уставот на Република Македонија, а воедно и се забранува секаква директна или индиректна дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка група,

6 Устав на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија 52/1991; Амандмани IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII и XVIII на Уставот на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија 91/2001.

7 Видете: Закон за основното образование, Службен весник на Република Македонија 103/2008; Закон за средното образование, Службен весник на Република Македонија 152/2002; Закон за именување и дополнување на Законот за средното образование, Службен весник на Република Македонија 49/147; Закон за именување и дополнување на Законот за средното образование, Службен весник на Република Македонија 92/2008.

8 Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија, Закон за именување и дополнување на Законот за средното образование, Службен весник на Република Македонија 92/2008.

9 Закон за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единците на локалната самоуправа, Службен весник на Република Македонија 101/2008.

јазик, државјанство, општествено потекло, религиозно убедување, други верувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семеен или брачен статус, статус на примања, здравствена состојба или кој било друг основ забранет со закон или меѓународна повелба[10].

Како стратешки документи во поглед на образованието на Ромите се сметаат: Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020, Националната стратегија за Ромите, Националната програма за развој на образованието (до 2015), Концепцијата за деветгодишно основно образование, Националниот акционен план за образование (ревидиран), Прирачникот за недискриминација, Прирачникот за учебници, Статегијата за интегрирано образование.

10 Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на Република Македонија 50/2010.

# 4. ФИНАНСИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Буџетот за образование за 2010 година изнесуваше приближно 15,6% од националниот буџет или 3,6% од БДП[11], што е помалку од просекот на Организацијата за економска соработка и развој од 5,7%[12]. Имајќи предвид дека приближно 80% од буџетот за образование се користи за платите на вработените, може да се претпостави ограниченоста на вложувањата во унапредување на квалитетот на образованието. Воедно, не се достапни точни податоци за вкупните годишни инвестиции во однос на образованието на Ромите во Македонија и други активности во сферата на развојот на инклузивното образование воопшто и мерки насочени кон унапредување на образованието на деца со посебни образовни потреби[13].

11 Министерство за финансии, Буџет на Република Македонија за 2010 година (Скопје: Министерство за финансии, 2009).
12 Organisation for Economic Co-operation and Development, Education at a Glance 2010: OECD Indicators [Образованието на дланка 2010: Индикатори на OECD] (Paris: Organisation for Economic Co-operation and Development, 2010).
13 Како илустрација, во Данска половина од буџетот за образование се троши на активности поврзани со образованието на децата со посебни образовни потреби од секаков вид (Ханс Хенрик Кнуп, излагање на Петтата европска конференција за позитивна психологија, Копенхаген, 2010).

Ромите на сите нивоа на образование наставата ја следат претежно на македонски наставен јазик, а во некои општини и училишта и на албански наставен јазик.

Предучилишното образование во Македонија не е задолжително. Стапката на учество во ова ниво на образование е доста ниска, со помалку од 15% од вкупното население и уште помала во случајот на децата-Роми.

Во контекст на предучилишното образование, состојбата со фиксните стапки на партиципација во трошоците, кои се исклучително високи ако повторно се споредат со приходите на многу ромски семејства, придонесува за исклучително ниската стапка на упис на ромски деца. Ако се земе предвид дека стапката на учество е под 15 проценти на ниво на цела држава, во недостаток на прецизни податоци, можеме само да претпоставиме дека во поглед на децата-Роми, стапката е драматично помала. Како илустрација, на возраст од 0 до 3 години, само околу 0,6% од ромските деца се вклучени на ова ниво на образование[14].

Основното образование е организирано во три тригодишни циклуси, при што во првиот циклус оценувањето е исклучиво описно. Почнувајќи со училишната 2008-2009 година, и средното образование во Македонија е задолжително. Организирано е како општо средно (гимназиско) образование кое е четиригодишно, додека стручното средно образование може да биде двегодишно, тригодишно или четиригодишно.

14 Пресметката е заснована врз податоците за упис за учебната 2008/2009 година и податоците од Државниот завод за статистика за Пописот од 2002 година. Податоци за уписот се достапни на интернет, на http://www.unicef-irc.org/databases/transmonee.

Иако основното и средното образование во државните институции се бесплатни за сите ученици (што подразбира и бесплатни учебници и превоз за студентите и учениците чиишто домови се оддалечени два километра од нивните училишта), реалните трошоци поврзани со образованието го отежнуваат редовното посетување на училиште за многу деца од различни ранливи групи, а меѓу најзагрозените се секако учениците-Роми. Неколку реални трошоци значително придонесуваат за исклученоста на ромските ученици. Пред сè, тука спаѓаат трошоците за школски прибор и потрошен школски материјал, кои ја достигнуваат висината на социјалната помош врз која се потпираат голем број ромски семејства. Оваа реалност не смее да се релативизира и минимизира. Во практика, многу ромски ученици не можат да ги поседуваат овие материјали, со што тие дополнително се депривираат во образовниот процес. Понатаму, дополнителните високи трошоци за спортска опрема, поврзани со реализацијата на спортски активности, како и трошоците поврзани со школските екскурзии, директно придонесуваат за исклучување на ромските деца од многу активности во кои учествуваат повеќето од нивните соученици. Постоењето на овие проблеми и нивните реперкусии по исклучувањето од образованието на припадници на ранливите групи е јасен индикатор дека отсуствува суштинска политика и стратегија за развој на инклузивно образование. Како да е доволно децата да се запишани на училиште, но се замижува пред многу фактори кои директно исклучуваат многумина од нив и кои го поткопуваат инклузивното и мултикултурно образование. Илустративен е примерот со екскурзиите предвидени како школска активност. Во системот на бесплатното образование, школските активности треба да бидат бесплатни, па сепак, во нашиот случај тие се достапни само за дел од децата, со што екскурзиите се претвораат во појава која директно генерира исклучување.

Проактивни политики и позитивна акција недостасуваат и во сферата на високото образование во Македонија каде што помошта во студирањето на Ромите во најголема мера е „препуштено“ на финансирањето од страна на меѓународни донатори.

# 5. ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ВКЛУЧЕНОСТА НА РОМИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Вклученоста на Ромите во образовните процеси е анализирана во неколку документи во последните години. Во документот *Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски правци* (Фонд за образование на Роми, 2010), направена е анализа врз основа на податоците од Државниот завод за статистика, МОН, други државни институции, како и релевантни документи подготвени од невладини организации. Така, учеството на Ромите во основното и средното образование, искажано во апсолутни бројки, е дадено во следниве табели (1-3): Табела 1. Запишани Роми во основно образование 2005-2010

| Учебна година | Момчиња | Девојчиња | Вкупно[1] |
|---|---|---|---|
| 2005-2006 | 4,469 | 3,940 | 8,409 |
| 2006-2007 | 4,441 | 3,940 | 8,381 |
| 2007-2008 | 5,268 | 4,882 | 10,150 |
| 2008-2009 | 5,421 | 5,130 | 10,571 |
| 2009-2010 | 5,528 | 5,225 | 10,753 |

Извор: Министерство за образование и наука

Табела 2. Запишани Роми во прво одделение основно училиште 2005-2010

| Учебна година | Момчиња | Девојчиња | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2005-2006 | 685 | 671 | 1,356 |
| 2006-2007 | 715 | 654 | 1,369 |
| 2007-2008 | 782 | 699 | 1,481 |
| 2008-2009 | 839 | 833 | 1,672 |
| 2009-2010 | 754 | 729 | 1,483 |

Извор: Министерство за образование и наука

Табела 3. Роми запишани во средно училиште 2005-2010

| Учебна година | Момчиња | Девојчиња | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2005-2006 | 654 | 586 | 1,240 |
| 2006-2007 | 678 | 526 | 1,204 |
| 2007-2008 | 831 | 641 | 1,472 |
| 2008-2009 | 930 | 546 | 1,476 |
| 2009-2010 | 1,054 | 900 | 1,954 |

Извор: Министерство за образование и наука;

Министерство за труд и социјална политика (учебна 2008/2009 година)[15]

15 Министерство за труд и социјална политика, Анализа за состојбата и намалувањето на ромските девојчиња и момчиња во образовниот процес во Република Македонија (Скопје: Министерство за труд и социјална политика, 2010).

Податоците од Министерството за труд и социјална политика покажуваат дека во учебната 2008/2009 година, 709 Роми завршиле основно училиште, што е под 60% од веројатната бројка на Роми на таа возраст[16]. Во истата учебна година, 310 Роми завршиле средно училиште (од кои 230 во четиригодишни средни училишта, а останатите во тригодишни средни училишта), или приближно 25% од веројатната популација Роми на таа возраст[17]. Официјалните податоци за отпишувања на Ромите за учебната 2007/2008 година зборуваат за бројка од 243 (136 момчиња и 107 девојчиња) во однос на основното образование и 53 (27 девојчиња и 26 момчиња) во средното образование. Но, иако и овие бројки се поразителни, особено загрижува практиката со која во некои училишта со значителен удел на ученици-Роми осипување официјално не е регистрирано или е претставено како незначително. Со оглед на тоа што веројатно осипувањето не се пријавува, заедно со појавата на фиктивно запишување во училиште, реалната ситуација со вклученоста на Ромите е далеку полоша и долгорочно катастрофално се одразува врз нивното образование.

Во поглед на образованието на возрасни, бројката на Роми кои во учебната 2007/2008 година посетувале основно училиште за возрасни е 332, од кои 232 биле мажи, а 100 жени.[18] Од вкупно 8188 студенти кои завршувале високо образование во 2007 година, само 13 се Роми[19], или само 0,16%. Во Делчево и Берово вонредно средно образование посетувале 52 лица, од кои 50 завршиле. Три од нив се запишале и на факултет[20].

Показател кој од друг аспект ја илустрира вклученоста на Ромите во образованието е вкупната бројка на наставници-Роми. Во основните училишта има дваесет наставници-Роми, а само три наставници-Роми се вработени во средни училишта[21].

На прв поглед, достапните податоци покажуваат дека севкупната опфатеност на Ромите во образовниот систем во Македонија се зголемува. Но, мора да се има предвид дека тоа, пред сè, е резултат на исклучително ниските стапки во претходните години. Воедно, во постојните статистички извештаи отсуствуваат податоци кои реално би ја отсликале состојбата со вклученоста на децата од номадските семејства, децата од улиците и децата кои сакаат да се запишат за првпат на училиште, на возраст помеѓу десет и четиринаесет години, а кои се соочуваат со одредени пречки во однос на остварувањето на правото на образование.

Во поглед на ***специјалното образование***[22], според

16 Според Пописот од 2002 година, на возраст од 12-14 години во РМ има 3561 Роми. Ако се земе предвид и стапката на наталитет, може да се претпостави дека бројот на Роми на возраст кога треба да завршат основно образование е меѓу 1200 и 1400. Доколку оваа апроксимација е точна, добиваме фрапантен податок дека само околу 60% од ромските деца завршуваат основно образование. Процентот дополнително се намалува кога ќе се земат предвид и сите деца-Роми кои воопшто не се евидентирани.

17 Според Пописот од 2002 година, на возраст од 15-18 години во РМ има 4342 Роми. Ако се земе предвид и стапката на наталитет, може да се претпостави дека бројот на Роми на возраст кога треба да завршат средно образование е меѓу 1150 и 1250. Со апроксимацијата се добива дека приближно 25% од Ромите завршуваат средно образование.

18 Министерство за труд и социјална политика, Анализа за состојбата и намалувањето на ромските девојчиња и момчиња во образовниот процес во Република Македонија (Скопје: Министерство за труд и социјална политика, 2010).

19 Извор: Државен завод за статистика.

20 Извор: Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците.

21 Државен завод за статистика, Основни и средни училишта на крајот на учебната 2008/2009 година (Скопје: Државен завод за статистика, 2010).

22 Образование на деца со посебни потреби.

општите официјални податоци за учебната 2008-2009 година, низ програми за специјално образование се школувале вкупно 1.054 ученици (од кои речиси две третини момчиња) во 171 посебна паралелка од 40 редовни основни училишта и пет специјални основни училишта.[23] Што се однесува до наставниот јазик, во 39 од овие училишта тоа е македонскиот, во пет училишта наставата се изведува на албански јазик, а во едно училиште наставата се изведува на албански и на македонски јазик. На ниво на средно образование, 283 ученици (над 70 проценти момчиња) се школуваат во 49 паралелки во четири специјални училишта (три лоцирани во Скопје и едно во Штип). Значително помалата бројка на ученички во специјалните училишта е потенцијален индикатор за тенденцијата која преовладува кај родителите да не ги запишуваат девојчињата во специјални училишта, со што им се ускратува можноста за формално образование.

Во поглед на ромската популација, во документ на Министерството за труд и социјална политика се известува дека бројката на ученици-Роми запишани во специјални основни училишта во учебната 2007/2008 година изнесува 385 (од кои момчињата изнесуваат две третини), додека, пак, бројката на Роми запишани во специјални средни училишта е 80 (од кои 64 се момчиња).[24] Во контекст на анализите од сферата на образованието, посебен проблем е отсуството на целосни податоци од еден единствен извор во однос на многу категории. При недостаток на податоци за актуелната застапеност на децата-Роми во специјалните училишта, со комбинирање на податоците за општиот упис во специјални училишта од 2008/2009 година преку приказот на бројката на Роми запишани во специјални училишта од претходната година, се добива груба пресметка дека Ромите се застапени со околу 36 проценти во вкупната бројка на деца запишани во специјални основни училишта и 28 проценти од вкупно запишаните во средно училиште. Ваквата процентуална застапеност е енормно повисока од застапеноста на Ромите во вкупната популација, што никако не може да биде одраз на реалната состојба. Во отсуство на официјални извори, за објаснување на овие фрапантни податоци постојат анегдотски докази. Како можни причини за преголемата застапеност на Ромите во специјалните училишта се укажува на: субјективните процедури на проценката на децата; обезбедувањето финансиска помош, превоз и (вербата во) предност за вработување; но и незаинтересираноста на училиштата за инклузија на децата кои имаат потешкотии во учењето, меѓу кои и многу Роми. Во секој случај, ваквата состојба укажува на категоризација и третман кои не може да се прифатат како природни и нормални, што нужно бара соодветен одговор од страна на државните институции. Искрен и ангажиран приод кон овој проблем е прашање на хуманоста на општеството воопшто, а потоа и прашање на подобрување на состојбата на образованието на Ромите и другите ранливи групи, што е и витален општествен интерес.

Во практика, процедурата на упатување во специјално образование налага одлука донесена од испитна комисија, формирана од директорот на секое основно училиште и составена од психолог или педагог и еден предметен наставник од нижото основно образование.

23 Државен завод за статистика, Основни и средни училишта на крајот на учебната 2008/2009 година (Скопје: Државен завод за статистика, 2010).

24 Министерство за труд и социјална политика, Анализа за состојбата и намалување на ромските девојчиња и момчиња во образовниот процес во Република Македонија (Скопје: Министерство за труд и социјална политика, 2010).

Поради непрецизности во процедурата и можност за субјективност, можни се злоупотреби и неправилности во упатувањето во специјални паралелки. Оваа појава е констатирана и од народниот правобранител на Република Македонија, евидентирана во Годишниот извештај за 2010 година. По забелешките дека во државата голем број деца, особено од ромската заедница, учат во специјални училишта за деца со посебни потреби иако не би требало да се со таква категоризација, народниот правобранител прави увид во основните и средните специјални училишта. Од добиените податоци било утврдено дека, иако има вклучено деца со посебни потреби од повеќе етнички заедници, најголемиот број деца сепак се од ромската етничка заедница (Народен правобранител, 2011, стр. 79). Во извештајот се нагласува дека од увидот е утврдено оти во основните и средните училишта нема запишано деца без претходно издаден наод и мислење од стручен тим, кој врши категоризација на детето, но било констатирано дека вакви наоди, сепак, се издаваат од различни установи. Во извештајот се вели дека на дел од децата образованието им се отежнува или не го завршуваат до крај, пред сè, поради недостиг од добра и соодветна соработка со нивните родители, а во одделни случаи, пречка за добра соработка се ниското образовно ниво на родителите и нивната неповолна материјална состојба, како и неангажираноста на центрите за социјална работа. Воедно, откако еднаш ќе се запишат во специјални училишта, за учениците не постои механизам да се вратат во редовни паралелки. Обидите за деинституционализирање на децата со посебни образовни потреби наидуваат на отпор кај различни инстанци, вклучувајќи и голем дел од специјалните педагози.

Во врска со овие прашања, народниот правобранител во извештајот дава своја препорака до надлежните органи да преземат мерки за навремено откривање и евидентирање на децата со посебни потреби и изнаоѓање начини за воспоставување редовна соработка меѓу училиштата и родителите заради постигнување подобри резултати во образованието, а особено за негово завршување. Воедно, предлага да се едуцираат родителите за работа со децата со посебни потреби. Заради спречување на евентуални пропусти и злоупотреби во издавањето на наодот и мислењето за попреченоста на децата, народниот правобранител препорачува да се утврдат органите и институциите кои ќе бидат овластени да издаваат таков наод и мислење и да се предвиди можност за формирање комисија која на повисока инстанца би ги разгледувала издадените првостепени наоди.

# 6. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА РОМИТЕ

Заложбите на меѓународните организации кои дејствуваат во сферата на унапредување на образованието и воопшто правата на децата во Република Македонија придонесоа да се спроведуваат повеќе активности и мерки кои се или директно фокусирани на унапредување на образованието на Ромите, или имајќи за цел општо унапредување на состојбите во образованието, го тангираат и образованието на Ромите. Резултатите од иницијативите на невладиниот сектор и меѓународните донатори доведоа до тоа некои од нив да бидат вклучени во владини програми, односно во редовните активности на државните институции.

Во поглед на состојбата со образованието на Ромите, но и во други сфери на општественото живеење, стратешки документ претставува *Стратегијата за Ромите во Република Македонија*, усвоена во 2004 година и преработена во 2009 година. Во овој документ се поставени целите во областа и на образованието, вклучувајќи еднаков квалитет на знаење и образование помеѓу децата-Роми и не-Роми, зголемување на нивото на формално образование кај младите Роми, како и кај возрасните кои се наоѓаат надвор од формалниот образовен систем, градење на професионални и општествени способности и отстранување на причините за неписменост. Мора да се констатира дека не постојат доволни анализи и истражувања, кои како предмет ја имаат имплементацијата на Стратегијата, што го отежнува оценувањето на нејзиното влијание.

По иницијатива на Организацијата за економска соработка и развој, државата донесе *Стратегија за интегрирано образование,* чија имплементација би требало да овозможи заживување на мултикултурниот карактер на образованието и надминување на сè позасилената сегрегација, која има немерливи штетни последици за квалитетот на образованието, како и за општественото живеење во целина. Сè уште нема анализи за ефектите од оваа стратегија, но евидентни се тешкотиите во имплементацијата од самиот момент на нејзиното донесување.

Во рамките на оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“, Европската комисија и МОН ќе инвестираат 19,2 милиони евра во *приоритетната оска* „Образование и обуки – инвестирање во човечки капитал преку подобро образование“, вклучувајќи ги следниве мерки[25]:

- модернизирање на системот на образование и обуки во 2-годишните и 3-годишните училишта
- обезбедување квалитетно образование за припадниците на етничките заедници
- развој и унапредување на образованието за возрасни и целоживотното образование.

25 Извор: MLSP, MOES. Multi-Annual Operational Programme Human Resources Development 2007-2013.

Оваа програма нуди исклучителна можност за многу граѓани да го докомплетираат своето образование, или да се преквалификуваат, со што би биле покомпетентни на пазарот на трудот. Воедно, програмата нуди можност и за зајакнување на средното стручно образование. Овие можности ги обврзуваат одговорните институции да создадат услови за нивна целосна реализација. За поефикасно искористување на оваа програма, нужна е консултација со релевантните субјекти во сферата на образованието, со цел да се развијат оптимални програми.

Како мерки кои се предвидени да ја подобрат вклученоста и да го олеснат пристапот до образование на Ромите, воведено е *медијаторство* во односите родители – училиште, насочено кон зголемување на стапката на упис во основно образование, како и ослободување од трошоците за имунолошки картон при упис во основно училиште. Мерките се иницирани и поддржани од Ромскиот образовен фонд и од ромската невладина организација „Национален ромски центар" од Куманово.

## 6.1. Декадата за вклучување на Ромите (2005-2015)

Веројатно најзначајна иницијатива која се однесува на подобрувањето на состојбата на Ромите во општеството, вклучително и образованието, е *Декадата на вклучување на Ромите 2005-2015* во која Македонија е вклучена од самиот почеток. Во рамките на Декадата, усвоени се национални акциони планови во приоритетните области за образование, вработување, здравје и домување во 2004 година, кои се преработени во 2009 година. Усвоен е и Националниот акционен план за жените-Роми. Од јули 2011, Македонија претседава со Декадата, што е исклучителна можност да се постават и остварат повисоки цели, бидејќи, поради меѓународниот карактер и широкиот публицитет, се очекува активностите поврзани со *Декадата* да бидат во приоритетите на највисоко државно ниво. Проценките во однос на имплементацијата на Декадата се различни, па дури и спротивставени. Според некои, „...силна страна во имплементацијата на Декадата е што е започнат вистински консултативен процес помеѓу владините институции и ромските невладини организации при пишувањето и ревидирањето на националните акциони планови (интервју, НВО)". Но, според други претставници на невладиниот сектор и директни учесници во процесот на подготовка на ревидираните национални акциони планови, вистинска консултација воопшто не постоела, претставниците на невладините институции не биле активно вклучени во процесот, само мал број претставници од НВО секторот учествувале на работилниците, а најголем дел од нивните забелешки и сугестии не се влучени во ревидираните акциони планови.

Ако суштината на иницијативата *Декада на вклучување на Ромите* е да се подигне свеста кај *сите* луѓе за важноста на ова прашање, што би резултирало со зголемена одговорност кај *секој* граѓанин и со поголем и суштински ангажман на *сите* институции во општеството, начинот на кој се имплементира иницијативата кај нас е далеку од постигнувањето на овие цели. Во периодот од 2005 до 2008 година, одговорноста за координирање на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија и националните акциони планови од Декадата беше целосно во рамките на надлежностите на Министерството за труд и социјална политика, па

наместо иницијативата да резултира со распределување на одговорностите во сите инстанци на власта и подигање на свесноста во целото општество, со назначувањето на министер-Ром без портфолио по парламентарните избори во 2008 година, оваа одговорност е поделена помеѓу министерот без портфолио и специјализирана единица (исто така основана во 2008 година) во рамките на Министерството за труд и социјална политика. На тој начин, наместо да развиваме општество сензитивно на ранливоста на *ромско̄то ӣрашање,* одговорноста беше префрлена во рацете на неколку ромски претставници. Наместо да се развиваат одговорноста и чувството дека сите ние живееме во Декадата на Ромите, одговорноста генерално е префрлена на неколкуте ромски претставници и странските донатори. Воедно, оваа поделба е и можен извор на нејаснотии околу ингеренциите и одговорностите во реализација на важни цели. Друга недоследност е отсликана во одговорноста за следење на имплементацијата на Стратегијата на Ромите и на националните акциони планови. Таа е во рамките на надлежностите на Националното координативно тело кое се состои од претставници на релевантните министерства, други владини институции и невладини организации, но ова тело ретко се состанува и не подготвува извештаи кои се достапни за јавноста, а кои се во врска со неговите активности. Како показател дека иницијативите и активностите се ограничуваат наместо да се интензивираат е и податокот дека финансирањето од државниот буџет за активностите во рамките на Декадата за вклучување на Ромите во 2010 година е помало за приближно 30 проценти во споредба со претходната година. Оттука, иако неоспорно постојат активности и подобрувања како резултат на заложбите и активностите на одговорните за Декадата во министерствата, тие резултати се далеку од проекциите и остварувањето на суштинските идеи поврзани со Декадата. Воедно, „... многу скромното имплементирање на националните акциони планови во другите приоритетни области на Декадата (т.е. вработување, домување, здравство) негативно се одразува и на остварувањето подобри услови за образование (интервју, НВО)".

Ова покажува дека државата сè уште нема проактивна стратегија во поглед на сите свои граѓани, во смисла на градење активни политики, кои би им овозможиле на граѓаните од сите заедници, а особено ранливите, да ги зајакнуваат своите капацитети и да си помогнат себеси во градењето посветла иднина. Одговорните институции сè уште се однесуваат како овие прашања да се поле на невладините организации и странските донатори. Колку државата навистина е посветена на подобрување на состојбите на Ромите, вклучително и на образованието на Ромите, силно е илустрирано низ следниов податок: имено, според Акциониот план за образование на Ромите, за периодот 2006-2011 се проектирани активности за кои се предвидени околу 9 милиони американски долари, но според ставките од Буџетот на РМ, во периодот 2006-2011 (за 2005 нема ставка за оваа намена), во областа образование на Ромите се издвоени околу 700.000 американски долари, што е помалку од 8%. Односно, од она што државата го предвидела за седум години, таа остварила само 8%! Притоа, мора да се напомене дека изворот на значителен дел и од тие средства е од странски донации.

Единствено што може да се заклучи е дека ваквата позиционираност на активностите со рамките на Декадата на Ромите е проблематична и неефикасна. Секако дека напредок постои, но ако тоа се спореди

со целите кои се очекуваат, дури тие и да не се многу амбициозни, помрднувањата можат да се оценат како незадоволителни.

Како илустрација на оваа констатација се следниве неколку примери од ревидираниот Акционен план за образование[26] во рамките на Стратегијата за Роми на РМ:

- Предвидено е вработување на 40 Роми до 2011 година со завршено соодветно образование како негуватели/ки и/или воспитувачи/ки во градинките каде што има деца-Роми (проект на МТСП и ЕЛС). Досега не е објавено дека оваа мерка е спроведена, а мала е веројатноста дека, доколку се реализирала, нема да била објавена во вид на конкурс, медиумска објава, изјава на некој од ресорните министерства и/или од кабинетот на министерот без ресор;
- Друга предвидена специфична цел е 100% стапка на влез на деца-Роми во основното образование... за периодот 2009-2011. Тоа претставува нереална процена за сите деца во РМ, а уште повеќе за децата-Роми за кои претходно во овој извештај наведовме дека се соочуваат со проблеми на упис поради необезбедени лични документи за нив и/или нивните родители, неможноста да ги платат трошоците за лекарска потврда потребна за упис на училиште, нередовна имунизација итн.;
- Подготовка за воведување на настава на мајчин јазик за учениците-Роми, преку создавање и превод на литература на ромски јазик... – како одговорност на МОН, БРО за 2009-2010 година е мерка за која воопшто нема информации во пошироката јавност, а и меѓу донаторите коишто одвојуваат значајни финансиски средства за помош на образованието на Роми, дека е започната, а и кога е планирано да се имплементира;
- Во прилог на претходно планираната мерка е и следнава: создавање на фонд на учебници на ромски јазик преку поддршка на авторство и превод, како одговорност на МОН, БРО, националниот координатор, Влада на РМ, педагошката служба при МОН за 2009-2010 година, а до моментот кога е пишувана оваа анализа, нема податоци и индиции дека планираното се спроведува, иако во изминативе две години сме сведоци на воведување и пишување учебници коишто досега не биле вклучени во наставата, на пр., во основните училишта, како што е учебникот по настава за физичко образование за 4 одделение, и сл.;
- Воведување на изборен предмет за ромска култура и историја на високообразовните насоки при државните универзитети кои создаваат наставен кадар, како одговорност на МОН и УКИМ за периодот 2010-2011 година, а во предвидените програми за студиските насоки на т.н. „наставнички факултети“ немаваков и/или сличен предмет којшто би потврдил дека оваа мерка се спроведува;
- Збогатување на постојните образовни програми со содржини од ромската култура и историја (работна група при МОН, формулирање на

26Извор: веб-страница на МТСП: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/revizija_nap_dekada.pdf.

интервенции во наставни планови и програми, Биро за развој на образованието) – мерка којашто била предвидена за периодот јануари-мај 2009 година, а за која најмалку има индиции дека се спроведува, бидејќи до моментот на пишувањето на оваа анализа (јуни 2011 година) не се најдени промени во наставниот план и програма предвидени од БРО и доставени за реализација до основните училишта за учебната 2011/2012 година.

Доколку се оди во подлабока и посеопфатна анализа на ревидираниот Акционен план за образование од Стратегијата за Роми на РМ, ќе се наведат и други примери. Но она што сакаме да го нагласиме со оваа анализа е, всушност, да се наметнат и дискутираат плановите и реализацијата за кои нема официјални извештаи во поглед на нивото на нивно спроведување и/или евентуална измена во временската рамка, а нема податоци ни за обезбедени финансиски средства и од кои извори би се имплементирале. На многу мерки во сферата на образованието на Ромите се гледа со доза на сентименталност, иако некои од нив не вродуваат со плод, па дури може да бидат и контрапродуктивни.[27] Тргнувајќи од крајно инфериорната состојба на Ромите во рамките на општеството во минатото, на секоја макар и минорна мерка се гледа како на голем успех, иако во реалноста и со таа мерка не се намалува јазот во квалитетот на животот на Ромите споредено со не-Ромите. Гледано од оваа позиција, наместо да алармираат и поенергично да укажуваат на слабостите, наместо да поттикнуваат разрешување на важни прашања од животот на Ромите и остварување на универзалните човекови права, се добива впечаток дека невладините ромски организации молчат, како да се задоволни од тие реално мали напредоци и како да се немоќни за посуштински промени.

27 На пр.: мерки кои произведуваат негативни нуспојави, изразени во натамошно сегрегирање на Ромите, како менторирањето на учениците-Роми, што би довело до издвоеност од другите деца во дополнителна настава; средното училиште во Шуто Оризари; проблематичното имплементирање на изборниот предмет Јазик и култура на Ромите и др. Овие мерки се детално објаснети во соодветните делови.

### *Финансиска помош на ученици-Роми*

Фактите укажуваат на тоа дека голема улога во обезбедување финансиска помош на ученици-Роми има Фондацијата Отворено општество Македонија - ФООМ. Во рамките на програмите за образование и млади, ФООМ поорганизирано започна да доделува помош во стипендии и менторство во 2004 година за околу 300 ученици-Роми коишто своето три или четиригодишно средно образование го завршија со обезбедена финансиска помош од страна на УСАИД во рамките на проектот „Програма за образование на Роми“.

Од учебната 2005/2006 до 2009 година, ФООМ со финансиска поддршка од Фондот за образование на Ромите имплементираше програма за стипендирање за учениците-Роми во средното образование, а во учебната 2009/2010 година, Министерството за образование и наука воведе мерка со која на учениците- Роми им се дозволува да се запишат во средните училишта со среден успех кој е за десет проценти помал во споредба со нивните врсници кои не се Роми.

Друга мерка предвидува родителите на деца и младинци кои се до 26-годишна возраст, а имаат посебни образовни потреби, како резултат на физичка и/или

ментална попреченост, да имаат право на финансиска помош во износ до 30 проценти од просечната плата[28].

Во однос на високото образование, во текот на доцните деведесетти е воведен систем на афирмативно дејствување врз основа на етнички дефинирани квоти за упис. Покрај ова, во текот на академската 2010/2011 година, на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, воведени се бесплатни студии за студентите-Роми кои ги исполнуваат критериумите за упис.

Честа е оценката дека овие стипендии овозможија голем број деца да бидат образовани, односно таа програма покажа дека системот на менторирање помага. Не намалувајќи ги важноста и позитивните ефекти на програмите за стипендирање на Ромите на сите нивоа на образование, како и тоа дека тие овозможија голем број деца да бидат образовани, нужно е да се укаже на слабостите. Иако стипендиите се повеќе од нужни за иницијално да се обезбеди позитивна промена (и се општоприфатена мерка во стратегијата за креирање критична маса образовани Роми и во овозможувањето да се зголеми стапката на вработеност кај Ромите), дали имаме стратегија на подолг рок за надминување на ваквата условеност на образованието од парична помош? Имено, во отсуство на сеопфатни широки акции на ниво на држава, образованието на припадниците на некои ранливи групи (како Ромите) станува зависно од стипендии.

Понатаму, фактот дека во некои програми и проекти наставниците беа дополнително финансиски наградувани создаде очекување за финансиски надомест за нешто што е составен дел од нивната работа. Оваа појава се интензивира во последните години со посилното инсистирање да се исполнуваат пропишаните обврски за изведување на дополнителна настава. Во поглед на дополнителната настава, со последните законски измени во овој сегмент од наставата, се создава и една нова проблемска ситуација. Имено, според законите за основно и средно образование, дополнителната настава е задолжителна. Но, во исто време, предвидено е државата да финансира менторско работење со учениците-Роми за да се надомести пропуштеното во нивното образование. Оваа мерка може негативно да влијае врз ангажираноста на другите наставници, односно да ја намали нивната мотивација за регуларната дополнителна настава со учениците-Роми, со образложение дека со нив треба да работат оние наставници кои добиваат надомест. Од друга страна, доколку во поглед на надоместувањето на пропуштеното во образованието на ромските ученици се работи со ваква посебна програма на менторирање, тогаш учениците-Роми и во оваа ситуација ќе бидат издвоени од другите ученици, издвоени во посебни „чисти“ ромски групи, што дополнително ја засилува сегрегацијата.

## 6.2. Мултикултурно образование

Во текот на последниве неколку години има неколку значајни иницијативи насочени кон унапредување на мултиетничката и мултикултурната комуникација во Македонија. На централно ниво, формираната *Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците* во состав на Министерството за образование и наука презема дел од ингеренциите во оваа сфера. Усвоена е наставна програма

28 Мора да се имаат предвид и негативните ефекти на оваа мерка, видени во поттикнувањето на родителите-Роми да ја прифаќаат проценката на нивните деца како деца со посебни потреби.

за предавање на ромскиот јазик и култура во основните училишта. Издаден е *Прирачник за спречување и заштита од дискриминација во воспитно-образовниот систем во Република Македонија.*[29] Изготвена е *Стратегија за развивање на етнички интегриран образовен систем.*[30] Оперативната програма „Развој на човечки ресурси" на Инструментот за претпристапна помош предвидува мерка за обезбедување пристап до квалитетно образование за припадниците на етничките заедници во периодот од 2010 до 2012 со воведување елементи во наставната програма за меѓукултурното образование. На Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, воведена е изборна четирисеместрална студиска програма на ромски јазик.[31] И покрај неколку иницијативи, сè уште не се остварени плановите за основање на Институт за ромски студии и студиска група на ромски јазик за обука на идни наставници.

Мултикултурноста е застапена и во Концепцијата за деветгодишно образование изработена од Бирото за развој на образованието како орган на Министерството за образование и наука, каде што е наведено дека „мултикултурноста на македонското општество бара основното училиште да го промовира развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазикот и традициите. Училиштето е одговорно за развивање свест кај учениците за своето културно потекло, а исто така и за поттикнување на интересот за запознавање на културното наследство на другите заедници"[32]. Сепак, актуелните состојби на овој план покажуваат дека државата не обезбедува доволни механизми за остварување на овие заложби.

Иако се евидентира напредок на ниво на политики, мултикултурното образование во практика и натаму е исклучок а не правило. Со учебниците се покажува тенденција за промовирање на еднокултурен модел како резултат на недоволна, а понекогаш и несоодветна застапеност на етничките заедници, за разлика од онаа на чиј јазик се издадени тие учебници и со тенденција за учебници кои се издаваат на различни јазици и чија содржина варира во голема мера.[33] Слично на ова, иако наставата во државните училишта се изведува на македонски, албански, турски и српски јазик, преовладува тенденцијата кон еднојазична и едноетничка настава. Ромите претставуваат исклучок во овој поглед, но не како позитивен пример, туку поради отсуство на услови за комплетно образование на ромски јазик. Иако повеќето Роми во Македонија го зборуваат ромскиот

29 Министерство за образование и наука, Прирачник за спречување и заштита од дискриминација во воспитно-образовниот систем во Република Македонија (Кочани: Генекс 2010). Овој Прирачник е издаден од страна на Националниот ромски центар во рамките на проектот „Кампања за образование на Ромите", финансиран од страна на РЕФ.

30 Ministry of Education and Science и OSCE HCNM, Steps Toward Integrated Education in the Education System of the Republic of Macedonia [Чекори кон интегрирано образование во образовниот систем во Република Македонија] (Skopje: Ministry of Education and Science, 2009).

31 Податоците добиени од Филолошкиот факултет покажуваат дека немало пријави за овој наставен план на почетокот од академската 2010/2011 година.

32 Од Концепција(та) за деветгодишно образование (2007), Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 73.

33 Извор: European Commission against Racism and Intolerance, Third Report on "the Former Yugoslav Republic of Macedonia" [Трет извештај за „Поранешната Југословенска Република Македонија"] (Strasbourg: Council of Europe, 2005); Violeta Petroska-Beshka et al., Study on Multiculturalism and Inter-Ethnic Relations in Education [Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието] (Skopje : UNICEF, 2009).

јазик како прв јазик, над 95 проценти од учениците-Роми во учебната 2008/2009 година ја следеле наставата на македонски јазик, а останатите генерално ја следеле наставата на албански или турски јазик.

Иако Ромите учат на јазиците на други етнички заедници, ефектот во поглед на интегрирањето на учениците-Роми со не-Ромите е доста ограничен. На бранот на општата тенденција на поделби меѓу македонската и албанската заедница во државата, Ромите во Македонија фактички се запишуваат во одвоени паралелки. Згора на тоа, и покрај тоа што воншколските активности имаат огромен потенцијал за развој на мултикултурно живеење (како на пример, школските екскурзии), во практика овие активности често се трансформираат во фактор на дискриминација, бидејќи сиромаштијата со која се соочуваат многу ромски семејства не им дозволува да го финансираат учеството на нивните деца. Имено, напоредно со заложбите инклузивноста да биде водечки принцип во сите училишни активности, некои од нив, а пред сè, вонучилишните активности стануваат извор на ексклузија и извор на перманентни статусни поделби меѓу учениците. Нерамноправната достапност до училишните материјали и учество во спортски активности и екскурзии станува извор на ексклузија и сегрегација на Ромите. Во крајна линија, ваквите поделби директно ги инхибираат мултикултурализмот, туторскиот принцип на учење, помагањето и соживотот на учениците. Доколку образованието е бесплатно, државата мора да спроведува политики кои нема да дозволат вакви поделби. Образованието не смее да содржи трошоци кои го прават ексклузивно за ранливите групи. Доколку суштината на задолжителното образование е сите деца и млади да стекнат компетенции за активно вклучување во општествениот живот, тогаш ваквите пропусти одат директно на штета на таа суштинска заложба.

Во поглед на курикулумите и учебниците од кои учат не-Ромчињата, во една изјава од теренското истражување се вели: „...мултикултурата потполно отсуствува во курикулумите. Ромите се целосно избришани од *Историја* и од *Литература*... На тој начин, Ромчињата не можат да се почувствуваат како еднакви и да имаат позитивен развој на идентитетот. Учебниците се етноцентрични, во нив речиси и да нема содржини за другите култури, а кога и има, тоа е во содржините кои се оставени на избор на наставникот (кои најчесто не се предаваат). Оваа слабост треба да се надмине, за што постои прирачник, но потребна е и поширока акција (интервју, универзитетски професор)". Во последните години, ретки се примерите во учебниците каде што Ромите и ромската култура се негативно или стереотипно претставени, но ја имаме и другата крајност, тие се речиси целосно игнорирани (интервју, универзитетски професор). Наставници-Роми има малку, тие се реткост, така што најголемиот дел од учениците-Роми имаат наставници од кои дел се оптоварени со предрасуди и негативни стереотипи. Воедно нема можност учениците-Роми да бидат изложени на позитивни модели.

Извештајот *Роми-активисти го оценуваат напредокот на Декадата на ромска инклузија* (Roma Activists Assess the Progress of the Decade of Roma Inclusion 2005–2006, Decade Watch, 2007)[34] ја посочува потребата да се реформира образовниот систем, за соодветно да одговори на потребите на едно мултикултурно општество. „Не постои систематска, задолжителна 'анти-бајас' (против предрасуди – забелешка на авторот) обука

34 Roma Activists Assess the Progress of the Decade of Roma Inclusion 2005–2006, Decade Watch, 2007, стр. 98.

за наставниците и никаква интегрираност на ромската култура и историја во наставните програми.“

Во справувањето со ваквите неповолни состојби, нужни се соодветни обуки на наставниците. Но напротив, развојот на вештини и компетенции за образовна практика во контекст на мултикултурноста е дополнителен проблем. Според наодите во една студија, наставниците немаат доволно развиени компетенции за инклузивно образование (Spasovski, Ballazhy, Friedman, 2010) и потребни се нивна сензитизација и обука за практикување настава на начин со кој ќе се постигнат целите поврзани со прифаќањето и почитувањето на другиот во мултикултурната и мултиетничка реалност на државата. Според податок од едно друго истражување, на прашањето дали учениците-Роми би биле поуспешни во школувањето доколку наставата е на ромски јазик, наставниците главно сметаат дека тоа е ирелевантно, што кореспондира со нивното гледање дека децата-Роми немаат особени потешкотии во владеење на македонскиот јазик, односно дека наставниците го игнорираат овој фактор, а ниските постигања ги припишуваат на други причини, согласно на нивни имплицитни теории.

Ромите, во изминатиот период, својот јазик го изучуваа факултативно. Од учебната 2008/09 година, воведен е предметот *Јазик и култура на Ромите* како изборен предмет, и тоа од трето одделение со по 1 час неделен фонд, а од четврто до деветто одделение со по 2 часа неделен фонд. За тие потреби, Бирото за развој на образованието изготви и наставни програми и распиша конкурс за учебници. Досега се издадени учебници за трето, четврто и петто одделение од авторот Трајко Петровски[35]. Предметот *Јазик и култура на Ромите* е застапен во по две училишта во Скопје и во Штип и по едно во Тетово, Кичево и Делчево.

Во врска со оваа програма, во документот *Анализа на спроведувањето на изборниот предмет Јазик и култура на Ромите* (ФИООМ, 2009), се наведува: наодите од направеното миниистражување покажуваат дека спроведувањето на изборниот предмет *Јазик и култура на Ромите* е повеќе декларативна заложба на владата и на релевантните државни институции, отколку што е реалност и дека сè уште е многу далеку од неговото вистинско спроведување. Од 28 училишта во кои според проценката на организацијата се исполнуваат условите за спроведување на предметот, тој се спроведува во само 6. Според наодите, предметот не е понуден на адекватен начин во сите училишта, а процедурата на информирање и пријавување е нејасна. Постојат и низа недоследности во однос на тоа кој може да го предава предметот, како и во самата процедура на објавување конкурс и негово реализирање. Проблематично е и издавањето на учебниците, така што дури минатата учебна година се објавени учебници, и тоа само за три одделенија. Понатаму, во регулативата не е јасно дали предметот треба да се нуди само на ромската популација. Дополнителен фактор што ја отежнува имплементацијата на оваа програма е тоа што, со изборот на предметот, тој се перципира како задолжителна обврска и како еден предмет повеќе во програмата на децата. Односно, децата кои го избираат и изучуваат, на тој начин добиваат еден предмет и обврски повеќе.

Постојат мислења дека програмата „...*Јазик и култура*

35 Извор: Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците .

*на Ромите* не е нужно да биде во форма на курс, туку поефикасно може да биде реализирана во форма на работилници за сите ученици од училиштата каде што има Роми во значителен број (интервју, универзитетски професор)". „...Воедно, и нефлексибилниот образовен систем (со фиксна програма за сите ученици) оневозможува поголем успех на *Јазик и култура на Ромите* како посебен предмет, бидејќи бара да се 'извлечат' деца од различни паралелки кои ќе одат во новоформиран клас на посебен час. Овој посебен час за многу деца и родители е дополнителен товар, но за многу родители претставува и нешто што не е посебно атрактивно, нешто што (непотребно) ја нагласува нивната ромска припадност (интервју, експерт од НВО)."

Во релација со инкорпорирањето на културата на Ромите во редовната настава е и имплементацијата на одредени активности во рамките на проектот „Образование на Роми", финансиран од Фондацијата „Песталоци" од Швајцарија. Имено, наставници кои поминале обуки за „Образование за социјална правда" и „Интеркултурно образование", со цел да се здобијат со знаења и да развијат вештини за препознавање на стереотипи, предрасуди и дискриминација, во рамките на програмата којашто се реализира во основното образование, имплементираат содржини со интеркултурен карактер. Во 6 училишта, наставниците по предметите мајчин јазик, историја, странски јазици, географија, музичко, запознавање на околината и одделенска настава ги збогатуваат своите часови со содржини кои се однесуваат на ромската историја, култура и традиција. На тој начин, и учениците- не-Роми имаат можност да се информираат и да се запознаат со своите врсници кои потекнуваат од поинакво културно милје. Иако ваква активност е планирана со ревидираниот Акционен план за образование во Стратегијата за Роми на РМ уште за 2009 година, нема информации дека се имплементира во други училишта, освен во овие 6 каде што се реализира проектот на ФИООМ.

## 6.3. Владини и НВО програми за образование на Ромите

Во документот *Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски правци* (Фонд за образование на Роми, 2010), даден е преглед и на програмите финансирани од донатори. Истакнати се неколку значајни програми, а меѓу нив:

*Програмата за образование на Роми* е можеби најголемата иницијатива финансирана од донатори, а спроведена од страна на невладините организации за образование на Ромите во Македонија. Со вкупен буџет од приближно 5 милиони евра за периодот 2004- 2014, обезбеден од страна на Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД), Детската фондација „Песталоци" и ФИООМ, проектот го имплементира Фондацијата Институт отворено општество – Македонија (ФИООМ), во соработка со пет локални ромски невладини организации. Главната цел на програмата е да ги подобри стапките на задржување и проодност, како и успехот на опфатените деца и младите луѓе. Таа се спроведува преку позитивни интервенции во предучилишното, основното и високото образование. Околу 180 деца на предучилишна возраст се корисници на активностите на ромските образовни центри лоцирани во пет ромски населби (*Дендо вас* во Даме

Груев, Скопје; *Сончогледи* во Кланица, Скопје; *Врама си* во Лозја, Куманово, *Кхам* во Средорек, Куманово и *Помош за хендикепираните и сиромашните* во Тризла, Прилеп). Фокусирајќи се на основите од математика и од македонски јазик, како и на развивање на социјалните и на когнитивните вештини, овие центри ги подготвуваат децата за успешен почеток на основното образование. Ромските образовни центри секојдневно обезбедуваат образовна вонучилишна поддршка за околу 900 деца од основното образование од осум основни училишта, вклучени во проектот во пишување домашни задачи и туторство по различни предмети. Универзитетската компонента на програмата обезбедува туторска помош за околу 80 студенти-Роми од различни академски години и студиски програми. Студентите имаат можност да посетуваат курсеви по англиски јазик и по компјутери, да иницираат и да спроведуваат мали студентски иницијативи и проекти, да учествуваат во обуки за социјална правда и во други обуки на различни теми, а на располагање имаат библиотека и интернет. Во рамките на програмата се спроведуваат обуки за (не)предрасуди, методи за работа со деца од маргинализираните групи, интеркултурно образование. Меѓу показателите за успехот на програмата е и фактот дека, како ефект од туторските програми, за прв пат, 5 ромски деца учествувале на државни натпревари[36].

Во периодот од 2005 до 2009 година, ФИООМ го имплементираше проектот *Алијанса за инклузија на Ромите во образованието* со финансиска поддршка од Ромскиот образовен фонд од Будимпешта, а спроведен во соработка со Управата за унапредување и развој на образованието на јазиците на припадниците на заедниците при Министерството за образование и наука на Република Македонија, со што се обезбедија вкупно 1464 стипендии и менторска помош за учениците-Роми во 78 средни училишта во државата. Од учебната 2009/2010 година овој проект се имплементира од страна на Управата за унапредување и развој на образованието на јазиците на припадниците на заедниците при Министерството за образование и наука на Република Македонија, со финансиска поддршка на Ромскиот образовен фонд.

Во соработка со 12 локални ромски невладини организации во 9 општини во државата, ФИООМ го имплементираше и проектот *Еднакви образовни можности за учениците-Роми*. Со поддршка од Амбасадата на Кралството Холандија за периодот 2006-2009, овој проект имаше за цел зголемување на учеството на Ромите во основното образование во 10 училишта, преку материјална и академска поддршка на повеќе од 3300 основци и околу 130 наставници преку обуки за надминување на предрасудите и стереотипите, како и методи за активно вклучување на сите деца во наставата.

Од 2001 година функционира програмата на ФИООМ на универзитетско ниво *Ромаверситас*, која има обезбедено приближно 400 стипендии за студентите-Роми. Покрај финансиската поддршка, со програмата се обезбедува и пристап до компјутери, библиотека и простор за учење, предавања, менторирање, организирани активности за социјализирање, мали грантови за истражување, обука и подучување. Финансиската поддршка за *Ромаверситас* се обезбедува преку ФИООМ, Ромскиот образовен фонд и УСАИД.

36 Извор: Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците.

Во соработка на Ромскиот образовен фонд и Министерството за труд и социјална политика, во 20 општини во државата се реализира проектот: *Инклузија на децата-Роми во предучилишното образование*. По 19 деца од секоја од општините (со исклучок на Шуто Оризари од каде што се вклучени 70 деца), на една година пред редовното запишување во основното, се вклучени во предучилишното образование. Со поддршка на Ромскиот образовен фонд, во предучилишните установи во 20-те општини се ангажирани 21 негувателки-Ромки.

За проектот *Добар почеток,* кој се спроведува во неколку држави, ЕУ преку Европската комисија обезбеди 1,9 милиони евра. Во Македонија тој се имплементира преку Ромскиот образовен фонд, во партнерство со локалните невладини организации. Во периодот 2010-2012, проектот таргетира над 2.500 деца на возраст од 0 до 6 години и нивните семејства, во пет места во Македонија.

Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, во соработка со ромската невладина организација „Сумнал“ од Скопје, во учебната 2009/2010 година финансиски поддржа пилотен проект за обука на идните наставници: „Јакнење на капацитетот на идните наставници да работат во мултиетнички контекст преку зголемени практични можности со децата-Роми“.

Своја поддршка на проекти на невладини организации за вклучување на Ромите во образованието во Македонија дадоа и: Европската агенција за реконструкција, Фројденберг Штифтунг, Македонскиот центар за меѓународна соработка, УНХЦР и УНИЦЕФ.

Важна иницијатива, која е имплементирана заеднички од страна на меѓународен донатор и Македонската влада, е Проектот за условни парични трансфери, во износ од 20 милиони евра финансиран со заем од Светската банка и имплементиран од Министерството за труд и социјална политика, почнувајќи од 2010 година. Иако директната целна група на овој проект не се Ромите, тој како целна група ги има корисниците на социјална помош, а неговото сосредоточување на средното образование го прави особено важен за ромската популација.

# 7. ПРАВО НА ОБРАЗОВАНИЕ

Иако согласно на законите образованието е задолжително, а институциите на државата се обврзани да ги спроведуваат законите и да бараат начини за подобрување на состојбите, фактите ни покажуваат дека не се сите деца во училиште. Голем процент ромски деца не го остваруваат правото на образование. Меѓу позначајните документи во кои се анализира оваа состојба е и *Коментар(от) за остварувањето на правото на образование во Република Македонија* (ФИОМ, 2009). Во Коментарот се нагласува дека постои правна недореченост во поглед на задолжителноста на образованието, како на пример, во „...*Законот за задолжително средно образование* и неговите формулации, кои не се зафаќаат со состојбата и потребите на оние ученици кои бавно учат, на повторувачите и на оние деца кои подоцна се запишуваат или поминуваат значително време надвор од училиштето. Постои системски непокриена празнина за сите деца кои повторуваат една или повеќе години на основното или на средното образование, без оглед на тоа дали тие се ослободени од обврската да го завршат основното образование или да се запишат во средното образование, од причина што можат да достигнат возраст на која за нив веќе не важи обврската да посетуваат училиште. Исто така, постојат и недоумици околу горната возрасна граница на која престанува да важи обврската за задолжително образование (ФИООМ, 2009, стр. 25)". Во истиот документ се потенцира дека алармантните наоди во извештаите коишто се однесуваат на ромската популација не поттикнуваат специфично наменско дејствување од одговорните институции. Но тие воопшто не нашле место и во Вториот периодичен извештај на РМ, во поглед на правото на образование и правата што се остваруваат низ образованието, што укажува на очигледното непридржување кон одредбите на *Конвенцијата за правата на децата.* Сето ова дополнително добива на тежина кога се знае дека проблемите се евидентирани и од владини институции. Имено, во *Националната стратегија за Роми* (координирана и изработена преку Министерството за труд и социјална политика), како стратешки *владин* документ, се признава фактот дека запишувањето и осипувањето на Ромите во основното и во средното образование претставуваат голем проблем, што во голема мера ја детерминира континуираната сиромаштија, но и покрај тоа, отсуствува соодветна акција.

Понатаму во *Коментарот*, во поглед на членот 23 од Конвенцијата за правата на децата, под наслов „Здравје и социјална заштита – деца со пречки во развојот" се бара владата да се погрижи децата од етничките малцинства да не се сместуваат непотребно во посебни училишта наменети за деца со пречки во развојот, појава која ја констатираше и народниот правобранител.

Во документот *Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и*

*стратегиски насоки* (Фонд за образование на Ромите, 2010), кој нуди преглед на состојбата во образованието на Ромите врз основа на податоците од официјалниот Државен завод за статистика и пресметките направени за самата студија, се укажува на екстремно тешката состојба со која децата-Роми се соочуваат во поглед на своето образование. Иако овој извештај потврдува определени подобрувања во стапките на запишување и задржување на Ромите во училиште, како што е зголемувањето на уделот на учениците-Роми во вкупниот број ученици кои завршуваат основно образование, како и зголемувањето на уделот на учениците-Роми меѓу учениците кои завршуваат средно образование, сепак овие промени се припишуваат главно на демографските трендови, на засилените кампањи за охрабрување на образованието и на активностите на невладините организации, при што се заклучува дека „процентот на учениците-Роми, особено на оние во средното образование, е значително помал во споредба со нивниот процент во однос на целокупното население. Иако трендовите на комплетирање на образованието се нагорни, стапките на оние кои завршуваат некој степен на образование се далеку од уделот на ромската етничка заедница во целокупната популација во РМ.,

Имено, 2,5% од сите кои завршиле основно образование во 2007 година, 1,2% од сите кои завршиле средно образование и 0,16% од сите кои завршиле високо образование се Роми, но овие проценти се многу пониски од пропорцијата на Ромите на соодветната возраст во севкупната популација (како што е прикажано во делот: *Показатели за вклученоста на Ромите во образованието)*.

Во извештајот *Роми-активисти го оценуваат напредокот на Декадата на ромска инклузија* (Roma Activists Assess the Progress of the Decade of Roma Inclusion 2005–2006, Decade Watch, 2007, p.98)[37] се посочува на фактот дека достапните податоци (за упис и осипување) се однесуваат само на децата во рамките на системот, но не се достапни информации за децата кои никогаш не биле вклучени во системот или кои во некој момент го напуштиле. Воедно, според активистите, честа практика е училиштата да одбиваат ученици-Роми, со оправдување дека запишале премногу ученици. Како резултат на ова, учениците-Роми често завршуваат во најмалку привлечните училишта, каде што е помал бројот на учениците кои не се од ранливите групи. Покрај тоа, станува вообичаено учениците-Роми да учат во етнички сегрегирани училишта или во сегрегирани паралелки.

Проблемот на сегрегацијата во правен контекст треба да се разрешува законски. А во поглед на законските одредби, фактичката состојба говори дека законите му го овозможуваат правото на родителот да го запише своето дете и во училиште надвор од реонот на живеење, што не е во согласност со одредбата за реонизација. Флексибилноста во толкувањето на законската регулатива произведува ситуација во етнички мешани средини да имаме етнички чисти училишта.

На прв поглед, достапните податоци покажуваат дека сè поголем број Роми го остваруваат правото на образование. Сепак, иако севкупната опфатеност на Ромите во образовниот систем во Македонија се зголемува, тоа пред сè е резултат на исклучително ниските стапки во претходните години (Фонд за образование на Ромите, 2010). Истовремено, загрижуваат некои појави

37 Roma Activists Assess the Progress of the Decade of Roma Inclusion 2005–2006, Decade Watch, 2007, стр. 98.

кои покажуваат отсуство на инклузивен пристап на државата кон различни категории на деца-припадници на ранливи групи. Така, децата од номадските семејства и децата од улиците немаат можност да се вклучат во регуларен образовен процес. Како резултат на условот со кој децата треба да се запишат на училиште во местото кое е наведено како место на постојано живеалиште во личните документи на родителите, децата од номадските семејства (обично како резултат на иселување од нелегалните домови) ретко одат на училиште и честопати се сместуваат во дневни центри за деца на улица. Иако овие центри обезбедуваат неформално образование, интегрирањето во редовните училишта е проблематично, како резултат на недостаток на механизам за воспоставување на еквивалентност помеѓу ова образование и образованието кое се нуди во училиштата. Покрај ова, бидејќи некои од овие дневни центри голем дел од својот капацитет го посветуваат на децата од номадските семејства, центрите честопати не се во можност да работат со вистинските деца на улица, а со тоа децата на улица немаат пристап ни до организирано неформално образование.

Со исклученост од образованието, поради недоследност во македонското законодавство, се соочуваат децата кои треба за првпат да се запишат на училиште на возраст помеѓу десет и четиринаесет години. Со Законот за основно образование се пропишува дека децата може да се запишат во основни училишта до деветгодишна возраст. Со Законот за образование на возрасните од 2008 година се утврдува дека минималната возраст за учество во образование за возрасни е петнаесет.[38] Оттука, децата кои се постари од девет години, а помлади од петнаесет, официјално не можат да се запишат во формално образование. Иако анегдотските докази укажуваат дека установите кои обезбедуваат образование за возрасни не инсистираат на условите за упис и запишуваат деца во оваа возрасна група, отсуството на системско решение остава простор во многу случаи родителите и да не се обидуваат да ги запишат децата поради „законското ограничување“ и неинформираност. Воедно, ваквата состојба остава и простор носењето одлуки за упис да биде на субјективна волја. Ваквата ситуација особено ги погодува оние деца-Роми кои се вратиле од Западна Европа.

Еден системски приод во подобрување на условите за сите деца да го остваруваат правото на образование нужно бара поврзување и менување на поставеноста на претшколското образование. Иако претшколското образование не е задолжително во Република Македонија, важноста на ова образование во натамошниот развој на децата го прави ова прашање приоритет кој бара ургентен развој на активна стратегија за подобрување на состојбите. Ниската стапка на учество во претшколското образование е еден од најгорливите проблеми на образованието на ранливите групи, а меѓу нив и Ромите. Ова се должи на повеќе причини, меѓу кои најсилно изразени се високите трошоци (за едно дете се колку и висината на една просечна месечна социјална помош), како и малата мрежа на претшколски установи. Но, доколку една од функциите на државата е да создава услови низ процесот на организирано образование децата да се стекнат со знаења и вештини кои ќе им овозможат поуспешно вклучување во општествените процеси и структури, од што произлегува дека заложба на државата треба да биде сите деца да бидат вклучени во образованието, тогаш несфатливо

38 Закон за образование на возрасните, Службен весник на Република Македонија 7/2008.

е како и во втората деценија од дваесет и првиот век огромен процент од децата не се вклучени во претшколско образование. Според бројни анализи, токму неучеството во претшколското образование има исклучително силно негативно влијание врз натамошното вклучување и прилагодување на децата во основно образование, што понатаму генерира висока стапка на осипување. Во интеракција со вообичаено нискиот квалитет на образованието на Ромите, овој фактор генерира натамошни реперкусии, што доведува до ниски стапки на вклученост на Ромите во средното и високото образование. Иако по иницијатива, пред сè, на меѓународните донатори се преземаат одредени активности, тие се на ниво на ограничени проектни активности, кои се далеку од суштински стратешки приод кон ова прашање.

*Коментарот за остварувањето на правото на образование во Република Македонија* критички се осврнува на квалитетот на образованието и во поглед на *целите на образованието* – член 29 од Конвенцијата за правата на децата, фокусирајќи се и на *развивањето почит кон човековите права и фундаментални слободи и образование за мир и толеранција.* Иако една од целите на основното образование утврдена со новиот Закон од 2008 година (член 3) се однесува на „образованието за заемна толеранција, соработка, почитување на разликите и основните човекови слободи и права“, анализата на документите покажува поинаква слика. Имено, народниот правобранител[39] во овој контекст потенцира дека децата сè уште недоволно ги знаат своите права и обврски, не се оспособени да ги распознаваат повредите и злоупотребите и не ги знаат можностите и институциите за заштита.

Според Коментар(от) (ФИООМ, 2009), правната рамка го гледа родителот како единствен претставник на ставовите на детето и го ограничува учеството на детето во сопствено име. Со оглед на ниската партиципација на учениците во носењето одлуки, партиципацијата од страна на ранливите групи е уште помала, со што тие немаат ни можност да учествуваат во политики, решенија, предлози за евентуално подобрување на неповолната состојба. Од друга страна, кога станува збор за родителите и нивните права во контекст на образовниот процес, најистакната новина е опасноста да бидат казнети доколку децата не посетуваат училиште. Иако нема показатели дека казнените одредби даваат позитивни и долгорочни ефекти, со законските измени во изминатите неколку години, се форсира казнена политика за родителите кои нема да ги праќаат децата на училиште, или нема да посетуваат „Школи за родители“. Казнените мерки кај граѓаните-родители со понизок социоекономски статус, со пониско образовно ниво и кои од повеќе причини припаѓаат на ранливите групи, предизвикуваат одбранбен став и ги мобилизираат да ја разрешат проблемската ситуација на кој било начин. Казните нема да ги елиминираат причините поради кои нивните деца не одат на училиште, туку само ќе ги влошат нивната економска состојба и статусот во општеството. Долгорочно гледано, невозможно е со таква политика и мерки да се вклучат сите деца од ранливите групи, а потоа уште поневозможно ќе биде да се казнат сите родители чиишто деца не се во училиште. Може да се заклучи дека како држава креираме состојба во која ќе имаме закон за кој знаеме дека е невозможно да се осигури тој да биде почитуван од сите. Наместо таквиот

39 Извор: Народен правобранител на Република Македонија (2009), Информација од посетите на основни и средни училишта, заради едукација на децата за нивните права и обврски, Скопје, стр. 3

приод, кон родители со понизок социоекономски статус, со пониско образовно ниво и кои од повеќе причини припаѓаат на ранливите групи, потребно е да се пријде со афирмативни мерки со кои ќе се зголемат нивната свесност и знаење за придобивките од образованието на нивните деца, за самите деца, но и за нивните семејства во целина.

Во контекст на правото на децата на образование, *Извештај(от) од истражувањето за утврдување на причините за нередовно посетување на основното образование кај децата-Роми* (ФИООМ, 2010) ги анализира причините за исклучувањето на децата-Роми од образовните процеси и генерално ги лоцира во:

- општествениот систем, односно се истакнуваат структурните и системските фактори како што се: долготрајната дискриминација на Ромите, гетоизацијата, социјалната, политичката и културната исклученост во општеството, долготрајната пасивност на државата во однос на преземање мерки за надминување на ваквата ситуација. Во оваа група причини се истакнуваат факторите лоцирани во државата како што се: ограничениот пристап до институциите, системската неповрзаност, неодржливоста на програмите, како и недостаток на позитивни примери за вработување на образовани Роми;
- ромската субкултура: традицијата, системот на вредности, начинот на живеење и комуникација и отсуство на позитивен став кон образованието;
- семејството: низок социоекономски статус на семејството, висока стапка на невработеност, работна ангажираност на децата, повеќегенерациски семејства, многудетност, малолетнички бракови, нарушени семејни односи, воспитна запуштеност на децата, социјална загрозеност на децата и необразованост на родителите.

Оттука произлегува дека фактор на остварувањето на правото на образование и на квалитетот на образование на децата е и образовното ниво на возрасните. Официјалните податоци говорат дека многу возрасни Роми (како и припадници на други ранливи групи) имаат ниско ниво на образование. Важна сфера во контекст на правото на образование и унапредувањето на образованието на Ромите воопшто се и образованието на возрасните и докомплетирањето на нивното образование. Иако во последните години се формираа *Центар за средно стручно образование* и *Центар за образование за возрасни*, тие се сè уште недоволно екипирани, недоволно активни и ефикасни во сферата каде што би можеле да дадат придонес за значајни резултати. Со докомплетирање на образованието, со доквалификација или преквалификација на многу поединци би им се овозможило да станат компетентни на пазарот на трудот.

## 7.1. Малолетнички труд

Сериозен проблем и фактор кој негативно влијае врз вклученоста на ромските деца во образовниот процес, а кој е во колизија со легислативата и правата на децата, е појавата на малолетничкиот труд. Оваа појава се анализира и во *Коментарот за остварувањето на правото на образование во Република Македонија* (стр. 45-46), под насловот „Специјални мерки на заштита – детски труд /економска експлоатација" (во однос на член 32 од Конвенцијата за правата на децата). Според

*Законот за работни односи*[40] се забранува вработување на деца кои имаат помалку од 15 години (освен во случај на учество во културни, уметнички, спортски и рекламни активности), а единствената специфична одредба за „неформалната“ економска експлоатација се дава во Законот за семејство[41], каде што се определува дека „присилувањето на детето на работа што не е соодветна на неговата возраст“ претставува злоупотреба на родителските права. Но, во реалноста малолетничкиот труд и економската експлоатација на децата не се реткост. Ова не само што е негативна појава сама по себе, туку и директно го попречува образованието на децата-Роми, што е детектирано и евидентирано и во *Националната стратегија на Ромите*, како документ изработен од државна институција. Во име на „разбирање на културните специфичности“, скриено се толерира малолетничкиот труд во различни форми, како работа на тезги, сезонското работење со своите родители, собирање отпад и други облици на работа. Ангажирањето на децата во овие дејности, наместо нивна вклученост во образовните процеси, има далекусежни последици врз нивниот психосоцијален и интелектуален развој. Во ситуација кога оваа појава е присутна, наместо да се прикрива како да не се случува, треба да се изгради стратегија како да се надомести пропуштеното. Но, таков пристап отсуствува, со што се дозволува да се создадат пропусти кои се тешко надоместливи, така што уште повеќе ги дистанцира Ромчињата од натамошно школување. Навистина, прашање е дали формално може да постои прецизна евиденција во училиштата во поглед на оваа појава, бидејќи доколку во реалноста не се толерира, тие деца поради голем број изостаноци би требало да бидат санкционирани, на пр. префрлени во друго училиште (иако најчесто другите училишта не ги примаат).

40 Член 250, Закон за работни односи, Службен весник на РМ, бр. 62/2005.

41 Член 9, Закон за детска заштита, Службен весник на РМ, бр. 98/2000.

## 7.2. Полови/родови разлики и малолетнички бракови

Друга појава која негативно се одразува врз образованието на Ромите, а особено на девојчињата-Ромки и која повторно е во колизија со легислативата и правата на децата, е практиката на малолетничките бракови. Иако за ова прашање не се зборува многу и генерално се третира како прашање на традицијата, на семејството и на заедницата, сепак тоа се обработува во некои специфични документи, за што подетален преглед е даден во *Коментарот за остварувањето на правото на образование во Република Македонија* (стр. 33). Имено, се наведува дека и во Националната стратегија за Роми „...појавата на чести малолетнички бракови...“ е детектирана како една од причините за ниските образовни постигнувања на децата-Роми. Понатаму се наведува дека Мултииндикаторското кластерско истражување 2005-2006[42] дава проценти на жени мажени на возраст што би требало да биде училишна возраст. „На национално ниво, процентот на мажени девојчиња пред 15-годишна возраст е само еден отсто, а процентот на мажени пред да наполнат 18 години е 12 проценти. Овој процент се разликува меѓу жените од различни етнички групи.“ Податоците посочуваат дека процентот на девојчиња омажени пред 15-годишна возраст е највисок

42 Мултииндикаторското кластерско истражување 2005-2006, Република Македонија, Државен завод за статистика, 2007.

кај ромската етничка група - 11 проценти, или над 20 пати повисок отколку процентот на жените-Македонки; воедно, процентот на ромски девојчиња/млади жени омажени пред да наполнат 18 години изнесува 49% – речиси пет пати повеќе отколку кај Македонките. На крај, вкупно два процента од жените кои биле на возраст од 15 до 19 години во времето на истражувањето се во брак/заедница; и овде важи истиот сооднос меѓу Македонките и Ромките – пет пати повеќе Ромки од Македонки биле мажени во моментот на спроведување на истражувањето.

Во контекст на завршувањето на образованието на Ромките, односно во поглед на прашањето на полот/родот и етничката припадност, најголема диспропорција меѓу завршените машки и женски средношколци постои токму кај ромската заедница. Наместо со текот на времето разликата да се намалува, таа во периодот меѓу учебните 1997/98 и 2007/08 значително се зголемува. Имено, од 46,4% ученички меѓу сите ученици-Роми колку што имало во учебната 1997/98 година, уделот на ученичките-Ромки во учебната 2007/08 година паѓа на 35,9%[43]. Објаснување за таквата состојба секогаш се бара во изразеното влијание на ромските традиционални норми врз ставот кон образованието на женските деца на средношколска возраст. Она што силно алармира се пасивноста и премолченото толерирање на овие состојби од страна на релевантните институции, пред сè зад плаштот на традицијата. Повеќе од нужен е проактивен одговор од државните институции и креирање соодветна стратегија за да се подобрат состојбите и да се спречи натамошно продлабочување на проблемите.

43 Извор: Државен завод за статистика, Основни и средни училишта на крајот на учебните 1997/98 и 2007/08 година.

## 7.3. Сегрегација во образованието

Иако Македонската влада изготви Стратегија за интегрирано образование, таа од самиот почеток се соочува со недоследности во спроведувањето. Имено, продолжува тенденцијата на поделба на учениците по етничка основа. Таа поделба се врши на неколку начини, зависно од бројноста на припадниците на етничките заедници и просторните услови во училиштата. Оттука, во средини кои се етнички мешани, и понатаму имаме училишта во кои наставата се одвива исклучиво на еден јазик, или поделбата е извршена на ниво на смени, а во некои случаи со поделба во етнички „чисти“ паралелки.

Посебно прашање е средното училиште во општината Шуто Оризари. Поделени се мислењата дали училиштето ќе има позитивни ефекти врз образованието и инклузијата на Ромите, или ќе ги продлабочи нивната сегрегација и гетоизација. Експерт од НВО вели: „...Многу се противам на средното училиште во Шуто Оризари, бидејќи очекувам дека ќе има несоодветен и неквалитетен кадар, во кое ќе бидат испратени неомилени кадри.... и повторно поради недостаток на критериуми за соодветно вреднување на знаењето на учениците, децата ќе завршуваат средно без потребното ниво на знаења (интервју)“.

Според проценката на експерт од НВО, за поквалитетно образование „...нужно е раздвојување на големите училишта. На пример, основното училиште „Рамиз и Хамид“ има околу 2600 ученици, нема атмосфера во која нормално треба да функционира едно училиште, што директно влијае врз квалитетот на наставата и образованието на децата, посебно во средина (училишта и паралелки) во која треба да се супституира отсуството на помош од дома. Треба да се обезбеди компензација

кога отсуствува давањето поттик за учење во домот, ...мора домот да се супституира во училиштето, да има продолжена настава. На тој начин, децата ќе добијат можност за еднаква шанса во образовната трка, ...тоа е и начинот на кој се извлекуваат децата од улица од семејства во кои има ниска образовна култура и ниско вреднување на образованието. Во училиштата мора да има богати библиотеки и слични содржини, заедничко читање и активности со наставници и асистенти во наставата, кадар кој ќе работи со нив групно, што ќе ги држи децата во училишта (интервју, експерт од НВО)".

„...Треба да се направи кост-бенефит анализа: колку добива државата со вложените пари во образование на припадници на ранливи групи, на сметка на тоа што ќе помогне во развој на нивни компетенции и поуспешно вклучување во општествените процеси и пазарот на трудот, наместо во перспектива да бидат на товар на државата, ...согласно на анализите на УНИЦЕФ, според кои секој долар вложен во инфраструктура се враќа како еден долар, додека еден долар во ран детски развој се враќа со седум долари (интервју, универзитетски професор)".

# 8. ОПШТИТЕ СЛАБОСТИ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА РОМИТЕ

Оценките присутни во документите и изнесени од учесниците во интервјуата се преклопуваат во ставовите дека како најважни слабости во сферата на образованието на Ромите се издвојуваат: сè уште премногу ниската стапка на вклученост во образовните процеси и осипувањето, нискиот квалитет на образованието, како и негативните ефекти на сегрегацијата во образованието.

Генерално, многу експерти се согласуваат во проценката дека и „...по многу години работа на владиниот и невладиниот сектор во сферата на образованието на Ромите, имаме состојба во која секое поместување, било во однос на предучилишно, основно или средно образование, е направено по иницијатива и со поддршка „однадвор", од меѓународни донатори и НВО, а споредено со важноста на прашањата, со мала поддршка од домашните институции (интервју, универзитетски професор)". Може да се констатира извесна пасивност или во најмала рака, отсуство на проактивност кај државните институции, кои како да чекаат на иницијатива и финансиска поддршка однадвор. Како да се навикнавме на таква поддршка, иако во суштина станува збор за потреба од реформи во нашата држава и нејзините системи.

Според видувањето на една испитаничка во интервју, „...основен проблем е квалитетот на образованието на Ромите. Сите заложби како да се насочени кон инсистирање децата да бидат во училиште, да ги имаме Ромчињата запишани, а всушност, многу често ги имаме запишани а ги нема во училиште, или имаат неквалитетна настава. Оваа појава е поттикнувана и од самите училишта, бидејќи полесно им е изведувањето на наставата без дополнителните напори кои треба да се вложуваат за да се постигнат резултати со децата кои имаат големи пропусти во образованието и потешко напредуваат (од разни причини). И кога се во училиште, практика е многу Ромчиња (но не само тие туку и многу деца од ранливи групи кои имаат посебни образовни потреби и потешкотии во учењето) само да се преведуваат во погорните одделенија се до ниво кога самите ќе се откажат не можејќи да одговорат на редовните барања на наставата (најчесто на преодот од петто во шесто, а во осумгодишното основно, на преодот од четврто во петто одделение). Иако ова вообичаено се прави 'заради доброто на детето', ваквата практика истовремено доведува до ризик за ослободување на наставникот од одговорност во однос на академските способности на учениците. Ова е затоа што успех со овие деца бара поголем напор и дополнителна работа од наставниците, а не затоа што децата немаат интелектуални потенцијали. Дополнителен проблем е и јазикот на наставата, односно недостаток на методологија на настава кога македонскиот јазик е втор јазик на учениците (интервју, универзитетски професор)".

Во една доброосмислена стратегија на државно ниво за унапредување на Ромите, нужно би требало да се води сметка за традицијата и вредностите кои се негуваат во ромската култура. Треба да се осмисли начин како тие

да се поврзат со позитивен однос кон образованието, односно да се осмисли начин како образованието да се зајакне како вредност и посакувана цел во ромската култура. Имено, досега на Ромите им е наметнато да се адаптираат на начинот на живот на поголемите заедници, при што како на најсиромашна и најранлива заедница не ѝ се нуди соодветна помош. Од нив се очекува да одговорат на стандардите на редовното образование, подмирување на трошоците за поседување на потребен школски мартеријал и други школски и вонШколски активности, иако е апсолутно јасно и познато дека огромен процент од ромската популација не може да одговори на овие барања. Наместо државата пасивно или со репресивни мерки да очекува Ромите да се вклучат во образовниот процес, нужни се проактивни и позитивни мерки со кои образованието *ќе им се доближи* на Ромите.

Како илустрација, ќе го изнесеме сфаќањето на една учесничка во теренското истражување: „...Она што сè уште го немаме е создавање критична маса, за да може да се направи глобална промена и промена во средината. Сè уште се на ниво на исклучок и високообразованите Роми, а согласно на процентуалната застапеност, и оние со средно образование. Отсуствува позитивна акција на државата и алтернативни мерки, како посебни бенефиции за училиштата каде што се практикува инклузија на ромски деца и деца од други маргинализирани групи подложни на исклучување, а и бенефиции за задржување на децата по настава... Во формулите за финансирање на образованието, општините воопшто не добиваат бенефиции за училиштата кои работат со социјално деприВирани деца подложни на исклучување, како што тоа пондерирано се прави во случај на деца со посебни потреби. Во рамките на позитивна акција, потребно е да се извлечат децата од гетоата, потребно е развивање на 'пожелни' училишта, кои ќе бидат пожелни и за деца од неромска популација, со што ќе се стимулира мешањето на децата по разни основи, па и на етничка. Затоа што отсуството на мешање со текот на времето ги снижува квалитетот, критериумите, квалитетот на наставниот кадар... Кадарот кој треба да биде подобро платен, кадар кој ќе останува и по училишното време. А во овие училишта Ромите треба да имаат привилегиран влез. Не да се даваат пари на семејство туку парите да се инвестираат во наставни цели во училиштето (интервју, експерт, НВО)“.

# 9. НАМЕСТО РЕЗИМЕ: ЗА ИНКЛУЗИЈАТА И ИНТЕГРАЦИЈАТА

Може да се заклучи дека во нашата држава, онака како што се планираат и спроведуваат мерките, институциите се повеќе насочени кон *интегрирање* на што повеќе деца во образовниот процес, одошто на суштинско *инклузивно образование*. Тие како да се задоволуваат со таквите цели, но суштински не се дејствува во насока на развивање на инклузивно образование во вистинска смисла на поимот и инклузија на сите граѓани во општествените структури и процеси. Доколку инклузивно образование подразбира *обезбедување услови за сите деца да можат да учат, да ги остваруваат своите потенцијали и да постигнуваат максимум во постигањата*, тогаш се наметнува дилемата колку инклузивни се, всушност, мерките насочени кон инклузија на сите деца во образованието? Колку може да бидат ефикасни ваквите активности насочени кон интегрирање на оние кои не посетуваат училиште, кога станува збор за обид за интегрирање во една нефлексибилна структура, под ригидни услови, нефлексибилни правила, со крајна цел да се добие посакуван „производ“ во општествено функционална возрасна единка. Колку во апликацијата на мерките се води сметка за посебноста на ранливите групи? Колку овој приод на државата е прилагоден на децата со посебни потреби? Колку е прилагоден на начинот на живеење на Ромите? Колку се создавани услови општеството да ни биде родово сензитивно и да се намалат родовите разлики во училиштата?

Секако дека не е можен совршен модел, но денес пред современото училиште се поставуваат сè поголеми барања. А во исто време, во нашата држава не се обезбедуваат потребните услови, додека во некои сегменти условите се и полоши. Иако науката и технологијата се развиваат, а сумата на државниот буџет секоја година е сè поголема (при што буџетот за образование е сепак само 3,6% оД БДП, од кои 80% се за плати), прашање е дали образованието станува подобро во последниве децении? Без хуманизиран и индивидуализиран приод, без разбирање на потребите на секое дете, ќе останеме на почеток, ќе останеме на пребројувањето колку деца се запишани и колку не се запишани на училиште. А под претпоставка и да успееме да ги запишеме (навидум да ги интегрираме) сите, дали образованието ќе биде суштински подобрено?

На релација: инклузија – ексклузија, сè уште се зборува доминантно низ статистички категории. А и кога сезанимаваме со статистички показатели, резултатите се поразителни. Како илустрација, во три меѓународни оценувања за постигањата на учениците, резултатите на учениците од Македонија беа значително под меѓународниот просек. На PISA оценувањето во 2000 година[44], Македонија е рангирана на триесеттото место од вкупно

44 Лирије Реџепи, Тања Андонова-Митревска и Олга Самарџиќ-Јанкова, PISA 2000: Постигања на учениците во Република Македонија (Скопје, Биро за развој на образованието, 2004).

35. Во поглед на оценувањата TIMSS[45] спроведени во 1999 и 2003 година, Македонија е на триесет и првото место од вкупно 45 земји-учеснички, а во однос на PIRLS, Македонија се наоѓа на 29-тото место од вкупно 35 држави во 2001 година и 38-то место од вкупно 45 држави во 2006 година. Оттука, недвосмислено се наметнува прашањето за квалитетот на образованието во државата. Уште повеќе, суштинско е прашањето, дали сите деца што посетуваат училиште се навистина дел од инклузивна образовна практика, или се *само интегрирани* и *само запишани* во образовниот систем? Дали образованието им овозможува услови да можат да учат, да ги остварат своите потенцијали и да постигнуваат максимум во постигањата, да ги градат и јакнат своите личности и идентитет? Дали училиштата во Македонија обезбедуваат добри услови гледано низ призмата на инфраструктурата, безбедноста, здравјето, насилството, родовата еднаквост, мултикултурализмот? Проблемот со напуштањето или невклученоста во училиште е само еден од поизразените, повидливите индикатори на проблемите во училиштето. Како резултат на интеракцијата на сите овие фактори, проблемот на квалитетот на образованието дополнително силно е изразен кај ромската популација.

45 Mullis, et al., TIMSS 2003 International Mathematics Report: Findings from IEA's Trends in International Mathematics and Science Study at the Fourth and Eighth Grades [TIMSS 2003 Меѓународен извештај за математика: Наоди од трендовите на Меѓународната асоцијација за евалуација на образовните резултати од Меѓународната студија за математика и природни науки за четврто и осмо одделение](Chestnut Hill: TIMSS & PIRLS International Study Center, 2004); Ina V.S. Mullis et al., TIMSS 2003 International Science Report: Findings from IEA's Trends in International Mathematics and Science Study at the Fourth and Eighth Grades [TIMSS 2003 Меѓународен извештај за природни науки: Трендови од Меѓународната студија за математика и природни науки за четврто и осмо одделение](Chestnut Hill: TIMSS & PIRLS International Study Center, 2004).

# 10. ПРЕДИЗВИЦИ

Постојат многу предизвици со кои (ќе) треба да се соочат носителите на образованието во РМ при реализирање на активностите насочени кон подобрување на образованието на Ромите. Многу мерки, и покрај афирмативната основа и извесни позитивни ефекти, се извор и на негативни ефекти или генерираат перманентни конфликти и застој (како што се некои активности во рамките на Декадата на Ромите, прашања во врска со програмите на стипендирање и менторирање, компатибилноста на програмите на дневните центри и др.). Состојбите во некои сфери, кои се одразуваат и на образованието и на квалитетот на животот воопшто, го доведуваат во прашање почитувањето на човековите права и законите и се на ниво кое е нетипично за земји со функционална демократија. Такви се прашањата со малолетничкиот труд, малолетничките бракови, силната изразеност на сегрегацијата и предрасудите во образованието и др., кои бараат ургентна, суштинска и добро-осмислена стратегија на дејствување. Оттука, нужен е систематичен приод кон многу прашања, инволвираност и соработка на сите релевантни страни, да се изгради стратегија за вистинско инклузивно образование, со цел да се изнајдат решенија кои ќе бидат од најдобар интерес за образованието на Ромите и воопшто за македонското општество. Поради широкоприфатената проценка дека во контекст на Декадата на Ромите најмногу е направено во сферата на образованието и дека треба повеќе внимание да се обрне на другите области на дејствување, постои опасност активностите во поглед на образованието да го намалат својот интензитет.

Фактот што сме далеку од милениумските развојни цели, според кои до 2015 година сите деца треба да бидат во можност да ги комплетираат основното и средното образование, бара соодветен одговор од државните институции. Меѓу предизвиците кои бараат решение и со кои се соочува македонското општество, а пред сè извршните државни институции, се:

- Соодветно имплементирање на предвидените цели и активности со ревидираниот Национален акционен план за образование од Стратегијата за Ромите во РМ;
- Обезбедување пристап за децата-Роми до интегрирано предучилишно образование, како и квалитетно образование за Ромите на сите нивоа;
- Воведување во редовниот образовен систем на деца кои немаат документи за идентификација, децата од центрите за социјална грижа, бегалците, повратниците и младинците кои се наоѓаат помеѓу основно училиште и училиште за образование на возрасни;
- Соодветен одговор и решенија од надлежните органи за високата застапеност на Ромите во специјалното образование и обид да се

овозможи интегрирање и на овие ученици во редовните училишта според предвиденото со Програмата за инклузија;

- Изнаоѓање сериозни мерки за надминување на постојната скриена или директна предрасуда во образованието кон децата-Роми;
- Сериозен пристап кон третирањето на малолетничкиот или детскиот труд, кога децата реално учествуваат во обезбедувањето средства за животните трошоци, преку обезбедување услови за овие деца да го надополнат вакуумот во редовното учество во образовните институции, обезбедување можност овие деца да бидат вклучени во училиште и надвор од местото на живеење;
- Воведување мерки за стимулирање на Роми за упис на педагошките факултети, или нивно стипендирање и обезбедување работа како наставници по дипломирањето, со што реално би се намалила состојбата со недоволен број наставнички кадар - Роми;
- Сензибилизирање и јакнење на компетенциите на наставниците за инклузивна образовна практика, за ефикасно да работат со деца од ранливи категории, со цел да им овозможат на децата да ги остварат максимумите на своите потенцијали;
- Надминување на состојбата со некомпатибилност на образовните програми во дневните центри за децата од улица и редовната училишна програма, што доведува до тоа децата подоцна да не можат да се вклучат во редовно образование;
- Стопирање со започнатите штетни процеси во кои курикулумите се „решаваат“ по етничка формула, односно секоја заедница да е одговорна за „своите“ програми, што генерира етноцентрични наставни содржини и продлабочување на сегрегацијата;
- Изнаоѓање соодветна форма за реализација на изборниот предмет Јазик и култура на Ромите (како и предметите за другите етнички заедници) со која ќе обезбеди највисок степен на имплементација и вклученост на учениците, форма која ќе биде фактор на спојување на културите а не уште еден фактор на подвојување;
- Искористување на законските можности за улогата на локалната власт и нејзините органи во насока на унапредување на образованието и прилагодување на специфичностите на сите нејзини граѓани и поттикнување програми и активности во училиштата коишто ќе ги одразуваат етничката, културната и религиозната различност на учениците и вработените;
- Обезбедување финансиски средства во училиштата за покривање на трошоците поврзани со редовната настава, училишните и вонучилишните активности, како фактор кој ги дистанцира децата од социјално загрозените семејства (од кои најбројни се ромските деца) од образованието и ја засилува индиректната сегрегација.

# ЛИТЕРАТУРА


Влада на Република Македонија. (2009). *Извештај за напредокот кон милениумските развојни цели.* Програма за развој на Обединетите нации.

Европски центар за малцински прашања (2005). *РОМИТЕ ЗА ИНТЕГРАЦИЈАТА: АНАЛИЗА И ПРЕПОРАКИ*

MLSP, MOES. Multi-Annual Operational Programme Human Resources Development 2007-2013

МОН (2007). *Концепција за деветгодишно основно образование и воспитание*

Народен правобранител на Република Македонија (2011). Годишен извештај за 2010 година.

Petroska-Beška, V., Najčevska M., Kenig N., Ballazhi S., Tomovska A. (2009). *Study on Multiculturalism and Inter-Ethnic Relations in Education [Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието].* Skopje: UNICEF.

Spasovski, O., Ballazhi, S., Friedman, E. (2010). *Mapping Policies and Practices for the Preparation of Teachers for Inclusive Education in Contexts of Social and Cultural Diversity: Former Yugoslav Republic of Macedonia Country Report [Мапирање политики и практики за подготовка на наставниците за инклузивно образование во контекст на социјален и културен диверзитет: Извештај за Поранешна Југословенска Република Македонија].* Turin: European Training Foundation.

Фондација Институт отворено општество – Македонија. (2010). *Извештај од истражувањето за утврдување на причините за нередовно посетување на основното образование кај децата-Роми*. (Автори: Доневска, М., Богоевска, Н., Трбојевиќ, С.). Скопје: Про поинт

Фондација Институт отворено општество – Македонија. (2009). *Коментар за остварувањето на правото на образование во Република Македонија.* (Подготвиле: Мишиќ, Е., Ајановска-Глигорова, Т.) Скопје: Про поинт

Фондација Институт отворено општество – Македонија. (2009). *Анализа на спроведувањето на изборниот предмет јазик и култура на Ромите*. Скопје: Кома лаб

Фонд за образование на Ромите. (2007). *Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски правци на Фондот за образование на Ромите*, Будимпешта

Фонд за образование на Ромите. (2010). *Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски правци на Фондот за образование на Ромите* (*работна верзија*), Будимпешта